Самоевалуација на основното училиште

# ООУ ,,КРУМ ТОШЕВ” – с.Трубарево, општина Гази Баба

**за учебна 2023-2024 и учебна 2024-2025 година**



**Скопје, 2026 година**

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ ,,Крум Тошев”- Трубарево |
| Адреса | Ул. „2" бр. 19 Трубарево |
| Телефон, е-пошта | 02/2557-443<br>krumtosev@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | 2023/2024 – 2024/2025 |
| Број на ученици во училиштето | 299 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Александра Димитриевска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Жаклина Кимовска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1.1 Планирања на наставниците<br>1.2 Наставен процес<br>1.3 Искуства на учениците од учењето<br>1.4 Оценувањето како дел од наставата<br>1.5 Воннаставни активности и натпревари |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Крум Тошев“ – Трубарево     Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Годишна програма за работата на училиштето;<br>➢ Тематски планирања на наставниците;<br>➢ Прилагодени наставни програми за децата со ПОП;<br>➢ Анкети за изборен предмет, за слободни ученички активности;<br>➢ Списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | ▪ Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР (Личен план за професионален развој), преку посетување на семинари, вршење дисеминација од посетени обуки и семинари, работа на проекти и сл. Во рамките на оваа подрачје кое се однесува на реализацијата на наставните планови и програми, квалитетот на наставните програми и планови како и на вонаставните активности спроведена е анонимна анкета за наставници со цел да се согледа на кој начин истите го спроведуваат наставниот план и програма. Анкетирани се вкупно 30 наставника.<br>▪ Според добиените резултати од спроведената анкета може да се заклучи дека наставниците ја реализираат предвидената наставна програма според БРО и планови од страна на МОН, за тоа редовно ги информираат и родителите и учениците. Применуваат активни методи на работа дискусија, проекти, истражувања. Наставните активности придонесуваат за подобар квалитет на наставата и во истите се вклучени сите ученици. Наставниците користат ИКТ во наставата и различни современи дигитални пристапи како и разни стилови на учење и методи на активна работа. Наставниците планирањата ги изготвуваат во електронска форма. Стручната служба ги следи современите |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Записници од стручни активи;<br>➢ Анкети од наставници;<br>➢ Интервју со директор и стручни соработници;<br>➢ Извештаи од стручни соработници за следени планирања; | | наставни тенденции и процесот на планирање, со што секако се унапредува и воспитно-образовниот процес. Со наставниците приправници, менторот и стручната служба работи на советување и менторирање при процесот на планирање со цел да се обучат наставниците-приправници за поуспешно планирање на наставната програма. Стручната служба и директорот на училиштето при вршење на увид во планирањата на наставниците нудат решенија, односно даваат препораки за надминување на дадени пропусти доколку постојат.<br><br>▪ Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. На прашањето<br><br>▪ **Дали редовно изработувате годишни и месечни планови?** По однос на тврдењето наставниците одовориле со:<br>Секогаш -30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0%<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали ги усогласувате плановите со наставните програми?** Одговори:<br>Секогаш -30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0%<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Колку често ги ревидирате плановите според потребите на учениците?** Одговори:<br>Секогаш - 22 наставници односно 73,3 % |

| | | |
|---|---|---|
| | | Понекогаш- 8 наставници односно *26,6 %*<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали планирате активности за различни стилови на учење?** Одговори:<br>Секогаш - 22 наставници односно 73,3 %<br>Понекогаш- 8 наставници односно 26,6 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали сметате дека имате доволно време за квалитетно планирање?** Одговори*:*<br>Секогаш - 8 наставници односно 26,6 %<br>Понекогаш- 22 наставници односно 73,3 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ Според добиените резултати од спроведената анкета може да се заклучи дека наставниците ја реализираат предвидената наставна програма и планаови од страна на МОН, за тоа редовно ги информираат и родителите и учениците. Вонаставните активности придонесуваат за подобар квалитет на наставата и во истите се вклучени сите ученици. Наставниците сметаат дека понекогаш немаат доволно време за квалитетно планирање на наставата. Користат ИКТ во наставата и различни современи дигитални пристапи како и разни стилови на учење и методи на активна работа. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | ▪ При планирањето наставниците редовно разменуваат информации со своите колеги во однос на планирањето на наставата. Наставниците најчесто ги разменуваат информациите, искуствата и |

| | | |
|---|---|---|
| | | идеите во рамки на стручните активи, со подршка од стручната служба каде споделуваат сопствени искуства и добри практики од планирањето со што се подобрува квалитетот на планирањата. Наставниците од одделенска настава на стручните активи разговараат за планирањата и дополнителните дидактички материјали и најчесто заедно ги изработуваат.<br>▪ Од интервјуто со директорот и стручните соработници се доби созанание дека ја следат работата на наставниците и им даваат соодветена повратна информација. Истото се потврди и од разговорите во фокус групата со наставници. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Годишна програма за работа на училиштето;<br>➢ Распоред на часови;<br>➢ е дневник;<br>➢ Педагошка евиденција и документација;<br>➢ Списоци и извештаи од реализирани обуки;<br>➢ Записници од состаноци на стручни активи; | Реализација на наставни планови и програми | ▪ Наставните планови и програми се во согласност со програмски документи од БРО а се одобрени од МОН и истите се реализираат според дадените насоки и упатства. Наставниците навремено изготвуваат наставни програми по сите наставни предмети како и програма за додатна, дополнителна, деца со посебни образовни потреби, поврзани МИО, ЕКО и ИКТ содржини со наставата, како и програма за личен и професионален развој, програма за соработка со родители, програма за одделенска зедница, програма за воннаставни активности, програма за стручен актив, прогама за натпревари, програма за слободни активности, програма за проектни активности. Редовно изработуваат годишни и тематски планови.<br><br>▪ Податок: Анкетирани се 30 наставници по случаен избор кои одговориле на следниот начин:<br>▪ **Дали применувате активни методи на работа (дискусија, проекти, истражувања)?** Одговори: |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Анкети со наставници ученици, родители/старатели;<br>➢ Дискусии во фокус групи со ученици, наставници и родители/старатели;<br>➢ Интервјуа со директорот и стручните соработници;<br>➢ Извештаи од посети на наставни часови;<br>➢ Решенија за инклузивен тим на училиштето;<br>➢ Изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби;<br>➢ Записници од | | Секогаш - 26 наставници односно 86,6 %<br>Понекогаш- 4 наставници односно 13,3 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали користите ИКТ и современи наставни средства?** Одговори:<br>Секогаш - 23 наставници односно 76,6 %<br>Понекогаш- 7 наставници односно 23,3 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали ја приспособувате наставата според различни способности**? Одговори:<br>Секогаш - 26 наставници односно 86,6 %<br>Понекогаш- 4 наставници односно 13,3 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали поттикнувате критичко размислување и креативност?** Одговори:<br>Секогаш - 30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ Според добиените резултати од спроведената анкета може да се заклучи дека наставниците во голем процент 86% применуваат активни методи на работа (дискусија, проекти, истражувања). *76,6 %* користат ИКТ и современи наставни средства, а мал процент не користат. Најголем дел ја приспособуваат наставата според различни способности на учениците. А сите наставници сметаат дека поттикнуваат критичко размислување и креативност. |

состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик;

- Извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ);
- Извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција вклучително и заеднички наставни часови;
- Материјали одпостапката за определување изборни/слободни изборни предмети и активности планирања за изборни

| | | |
|---|---|---|
| Избор на наставни предмети | ▪ Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со родителите. Но при изборот на предметите од листата на изборни предмети кои се нудат за избор на анкетните листови за учениците одлучувачка е улогата на училиштето. Изборот на предметите кои ќе бидат понудени на анкетните листови се врши во прилог на ангажирањето на постојаните наставници до полн фонд на часови. |
| Избор на задачи, активности и на ресурси | ▪ Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите(со различно ниво на сложеност) е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење инастава, без ограничување само на одобрени учебници . |
| Интеракција меѓу наставниците и учениците и<br>учениците меѓусебно | ▪ Заедничките активности се: реализација на заеднички научни и истражувачки екскурзии, организирани посети на интегрирани групи ученици на значајни културни и историски места и објекти, денови на интеркултура, спортски игри и турнири. Во училиштето секој наставник во текот на годината изработува работилници на тема МИО кои ги предвидуваат во нивните Годишни планирања, а тимот пак реализира самостојни активности во училиштето поврзани со интеркултура. |
| Реализација на образовна инклузија | ▪ Во училиштето има 4 ученици со посебни образовни потреби со медицинска белешка од ЈЗУ Здравствен дом – Скопје – Завод за ментално здравје - Младостилиод Стручното тело за функционална проценка – Скопје 1 (МКФ), вклучени во редовната настава. Во согласност со препораките од Стручното тело за функционалнапроценка – Скопје 1 (МКФ) и потпишаните |

| | | |
|---|---|---|
| предмети; | | согласности од родителите на учениците за дел од нив се изработуваат Индивидуални образовни планови и Модифицирани програми.<br>▪ Инклузивниот тим на училиштето во согласност со Годишната програма за работа во текот на годината врши идентификација на ученици со ПОП, следење на нивниот напредок и дава поддршка во учењето. Врши индивидуални средби со родители на ученици со посебни образовни потреби и дава насоки за работата со учениците надвор од училиштето. Во соработка со наставниците и образовните асистенти во текот на годината се реализираат голем број на работилници чија крајна цел е зголемување на свеста за почитување на различностите, афирмација и вклучување на учениците со посебни образовни потреби во општествениот живот како и индивидуален напредок и развој на секој ученик. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ▪ Училишниот тим изготви Акциски план со активности. Планирани и реализирани се заеднички активности со различни генерации на ученици. Исто така и Стручни активи со наставници за новините во наставата како и онлајн часови со примена на дигитализацијата според новата концепција во образованието. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкета со учениците, родителите/ старателите и наставниците;<br>➢ Разговори во фокус групи со ученици, родители/старатели и наставници;<br>➢ Разговор со стручна служба;<br>➢ Увид во ученичките досиеја;<br>➢ Увид во евиденцијата на стручните соработници; | Средина и атмосфера за учење | ▪ Училиштето и наставникот обезбедуваат безбедна средина за учење во која ученикот се вреднува и почитува. Исто така креира образовна средина со креативни катчиња која ги поттикнува учениците да преземаат одговорност за своето учење. Учениците се чувствуваат добредојдени и среќни во училиштето. Сметаат дека полесно се учи ако материјалот е поврзан со практични примери од секојдневниот живот имплементирани на интересен начин. Наставниците структурираат активна атмосфера за учење за да обезбедат континуирани можности за учениците да ги развијат планираните и спонтаните истражувања. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | ▪ При самиот упис стручната служба ги идентификува недостатоците и пречките кај учениците. Исто така стручната служба им дава на наставниците инструмент за идентификација на учениците со потешкотии во учењето и талентираните ученици.Стручната служба во соработка со наставниците превземаат низа активности со цел подобрување на учењето и индивидуален напредок.<br><br>▪ Податок: Анкетирани се 30 наставници и добиени се следните резултати<br>▪ **Дали им овозможувате на учениците да изразат мислење за наставата?** Одговори:<br>Секогаш - 26 наставници односно 86,6 %<br>Понекогаш- 4 наставници односно 13,3 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали ги поттикнувате учениците на самостојно** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **учење**? Одговори:<br>Секогаш - 30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали ги охрабрувате учениците кога грешат? Одговори:**<br>Секогаш - 30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали ги прилагодувате активностите според интересите на учениците?** Одговори:<br>Секогаш - 30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ Според добиените резултати од спроведената анкета може да се согледа дека повеќето наставниците изразиле мислење дека ги прилагодуваат активностите според интересите на учениците. Тие секогаш ги охрбруваат кога грешат и ги поттикнуваат на самостојно учење. Најчесто им дозволуваат да го истакнат своето мислење за време на наставата.<br><br>▪ Податок: Анкетирани се 35 родители по случаен избор кои на следните тврдења се изјасниле вака:<br>▪ **Дали вашето дете со задоволство оди на училиште**? Одговори:<br>Секогаш - 31 родител односно 88,57%<br>Понекогаш - 4 родители односно 11,42% |

| | | |
|---|---|---|
| | | Никогаш - не одговорил никој<br><br>▪ **Дали наставниците ги поттикнуваат учениците на самостојност**? Одговори:<br>Секогаш- 28 родители односно 80%<br>Понекогаш-7 родители односно 20%<br>Никогаш- не одговорил никој<br><br>▪ **Дали вашето дете зборува позитивно за наставата?** Одговори:<br>Секогаш -33 родители односно 94,28 %<br>Понекогаш - 2 родители односно 5,71%<br>Никогаш- не одговорил никој<br><br>▪ **Дали училиштето создава позитивна атмосфера за учење?** Одговори:<br>Секогаш- 25 родители односно 74,3%<br>Понекогаш-7 родители односно 20%<br>Никогаш- 3 родители односно 5,71%<br><br>▪ Родителите во најголем број односно 88,57% се изјасниле дека нивните деца со задоволство одат на училиште. *28* родители односно 80% сметаат дека наставниците ги поттикнуваат учениците на самостојност, а учениците над 94 % зборуваат позитивно за наставата, што укажува на позитивна атмосфера за учење. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Програма за работа на училиштето; | Училишна политика за оценување | ▪ Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Распоред за додатна и дополнителна настава;<br>➢ Списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава;<br>➢ Правилник за оценување и напредување на учениците;<br>➢ Интерен правилник за оценување;<br>➢ Увид во педагошката евиденција и документација;<br>➢ Користени инструменти за оценување;<br>➢ Примери на оценети ученички трудови;<br>➢ Записници од стручните активи. Наставнички совет;<br>➢ Анкети/интервју а со учениците и наставниците, родителите/ Старателите;<br>➢ Инструменти за | | од БРО и МОН. Учениците се оценуваат описно и бројчано според три развојни периоди: учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и бројчано и учениците од VII до IX одделение се оценуваат бројчано. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.<br><br>▪ Податок: Спроведена е анкета на 30 наставници кои се изјасниле вака:<br>▪ **Дали применувате различни форми на оценување (усно, писмено, проектно)?**Одговори*:*<br>Секогаш - *26 наставници односно 86,6 %*<br>Понекогаш- *4 наставници односно 13,3 %*<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали им давате повратна информација на учениците за нивниот напредок**? Одговори*:*<br>Секогаш - *26 наставници односно 86,6 %*<br>Понекогаш- *4 наставници односно 13,3 %*<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали оценувањето е објективно и транспарентно**? Одговори*:*<br>Секогаш - *30 наставници односно 100 %*<br>Понекогаш- *0 наставници односно 0 %*<br>Никогаш- 0 наставници односно 0% |

| | | |
|---|---|---|
| индивидуализи рани начини за проверка; | | ▪ **Дали ги информирате учениците за критериумите на оценување?** Одговори*:*<br>Секогаш - *30 наставници односно 100 %*<br>Понекогаш- *0 наставници односно 0 %*<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ Според добиените резултати од спроведената анкета може да се согледа дека повеќето наставниците во најголем дел сметаат дека применуваат разни форми на оценување и даваат повратна информација на учениците во однос на оценката. Секогаш оценувањето е објективно и транспарентно и критериумите за оценување им се однапред познати и јасно истакнати на сите ученици.<br><br>▪ Податок: За ова подрачје анкетирани се 35 родители кои се изјасниле вака:<br>▪ **Дали сте информирани за напредокот на вашето дете?** Одговори**:**<br>Секогаш **-**33 родители односно 94,28 %<br>Понекогаш - 2 родители односно 5,71%<br>Никогаш- не одговорил никој<br><br>▪ **Дали оценките реално го прикажуваат знаењето на вашето дете**? Одговори**:**<br>Секогаш **-**20 родители односно 57,14 %<br>Понекогаш - 15 родители односно 42,86 %<br>Никогаш- не одговорил никој<br><br>▪ **Дали наставниците навремено ве информираат за оценките?** Одговори**:** |

| | | |
|---|---|---|
| | | Секогаш-31 родител односно 88,57%<br>Понекогаш**-** 4 родители односно 11,42%<br>Никогаш **-** не одговорил никој<br><br>▪ **Дали училиштето обезбедува можност за разговор за оценувањето?** Одговори**:**<br>Секогаш- 25 родители односно 74,3%<br>Понекогаш-7 родители односно 20%<br>Никогаш- 3 родители односно 5,71%<br><br>▪ Според добиените резултати од спроведените анкети може да се заклучи дека поголемиот дел од родителите *односно 88,57%* се задоволни од информираноста за напредокот на нивното дете, додека 11,42% понекогаш се информирани. Ниту еден родител не смета дека не е информиран за напредокот на своето дете. Повеќето сметаат дека учениците се поттикнуваат на самостојност. Редовно и навремено се се информирани за напредокот на учениците, *74,3%* сметаат дека училиштето им дава можност да разговараат повеќе околу оценувањето. Односно *20%* делумно се согласуваат и *5,71%* не се согласуваат дека училиштето обезбедува можност за разговор<br><br>▪ Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици во врска со ова подрачје, кои се изјасниле на следниот начин:<br>▪ **Дали чувствуваш дека твоето мислење се почитува?** Одговори:<br>Секогаш: 12 ученици односно 40%<br>Понекогаш: 18 ученици односно 60%<br>Никогаш: 0%<br>▪ **Дали мислиш дека оценките се праведни?** Одговори: |

| | | |
|---|---|---|
| | | Секогаш: 21 ученик односно 70%<br>Понекогаш: 9 ученика односно 30%<br>Никогаш: 0%<br>▪ **Дали знаеш според што те оценуваат наставниците?** Одговори**:**<br>Секогаш: 24 ученици односно 80%<br>Понекогаш: 6 ученика односно20%<br>никогаш: 0%<br>▪ **Дали наставата ти помага размислуваш креативно? Одговори:**<br>Секогаш: 18 ученици односно 60%<br>Понекогаш:12 ученици односно 40%<br>Никогаш: 0% |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | ▪ Наставниците во училиштето користат различни методи, форми и техники на формативно следење и оценување на учениците. Учениците континуирано се следат од страна на наставниците, а нивниот напредок и оценување е транспарентен од страна на наставниците. Сумативно се оценуваат учениците на крајот од секој период во текот на учебната година. Учениците се вклучени во процесот на оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење на портфолија и сл. Приодите во оценувањето им овозможува на учениците да ги подобруваат своите постигања. |
| | Коефициент на континуитет<br>на успехот на учениците | ▪ Коефициентот на континуитет на успехот, пресметан како однос на средниот успех на учениците на полугодие и на крајот на учебната година за трите последователни учебни години (2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025), изнесува во просек 1,14. Поединечно, коефициентот изнесува 1,13 во учебната 2022/2023 година, 1,16 во учебната 2023/2024 година и 1,14 во учебната 2024/2025 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ▪ Добиените вредности укажуваат на стабилен континуитет и позитивен тренд на подобрување н*а постигањата на учениците од полугодие кон крајот на учебната година, што упатува на ефикасност на наставниот процес и поддршката што училиштето им ја обезбедува на учениците во текот на учебната година. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | ▪ Учениците редовно добиваат повратна усна и писмена информација за постигнатиот успех од страна на наставниците. Заедно дискутираат за постигнувањата на учениците како и за нивниот индивидуален напредок. Наставниците добиените резултати од оценувањето ги користат како патоказ за покреативно планирање на наставата и идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците како и педагошката служба на крајот на секое тримесечие изработуваат аналитичка и статистичка листа за постигнатите резултати која подоцна служи за споредување на резултатите од претходните генерации.<br><br>▪ Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници. Кои се изјаснија на следниот начин:<br>▪ **Дали им овозможувате на учениците да изразат мислење за наставата?** Одговори*:*<br>Секогаш - 26 наставници односно 86,6 %<br>Понекогаш- 4 наставници односно 13,3 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали ги поттикнувате учениците на самостојно учење?** Одговори*:*<br>Секогаш - *30 наставници односно 100 %*<br>Понекогаш- *0 наставници односно 0 %*<br>Никогаш- 0 наставници односно 0% |

| | | |
|---|---|---|
| | | ▪ **Дали ги охрабрувате учениците кога грешат?**<br>Одговори*:*<br>Секогаш - 30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ **Дали ги прилагодувате активностите според интересите на учениците?** Одговори*:*<br>Секогаш - 30 наставници односно 100 %<br>Понекогаш- 0 наставници односно 0 %<br>Никогаш- 0 наставници односно 0%<br><br>▪ Според добиените резултати од спроведената анкета може да се согледа дека повеќето наставниците изразиле мислење дека ги прилагодуваат активностите според интересите на учениците. Тие секогаш ги охрбруваат кога грешат и ги поттикнуваат на самостојно учење. Најчесто им дозволуваат да го истакнат своето мислење за време на наставата. |
| **Индикатор 1.5 Вонnаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Годишна програма за работа;<br>➢ Програми за воннаставни активности;<br>➢ Извештај од реализирани екскурзии;<br>➢ Педагошка евиденција | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | ▪ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, когнитивен, социо-емоционален, психомоторен, кариерен (професионален) и друг развој. Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активност според нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни образовни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо- економски статус. |

| | | |
|---|---|---|
| и документација;<br>➢ Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>➢ Интервјуа/анкети со наставници, родители/старатели, ученици и стручните соработници за воннаставни активности;<br>➢ Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>➢ Список на ученици вклучени во воннаставни активности;<br>➢ Увид во интернет-страницата, во весниците, социјалните мрежи итн.;<br>➢ Акциски планови; | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | ▪ Најголем број од учениците се вклучени во една и повеќе воннаставни активности за поддршка на личниот и професионалниот развој без оглед на нивниот пол, етничка припадност, нивните можности и способности. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните | ▪ Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор. Во воннаставните активности се вклучени и ученици со ПОП. Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Во училиштето редовно се реализираат воннаставни активности за кои наставниците имаат изготвено програми. Реализацијата и |

| | |
|---|---|
| активности | постигањата на учениците соодветно се евидентираат. Во истите се застапени деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи: постои дружење, социјализација, се развиваат комуникациските вештини и креативните способности, се прошируваат знаењата и умеењата, се развиваат вештините и се афирмира училиштето. Учениците подолго време поминуваат во училиштето, со што се зголемува можноста за заштита од сите негативни надворешни влијанија. |
| Натпревари | ▪ Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации, ликовни изложби, конкурси и натпревари од различни области кои се организираат на локално, државно ниво. Тие имаат освоено значителен број награди (пофалници, дипломи, признанија). Учениците учествуваат на различни манифестации, приредби, ТВ емисии каде се афирмираат и претставуваат на пошироката јавност со своите постигнувања и активности. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се неколку силни и слаби страни, како и приоритети за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето. Една од главните предности на училиштето е високото ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на признанието што го добиваат од наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд. Ова укажува на добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците. Дополнително, училиштето обезбедува индивидуална поддршка за четири ученици со посебни образовни потреби, фокусирајќи се на развивање и зајакнување на нивните функционални способности. Оваа инклузивна практика го зајакнува капацитетот на учениците за поуспешно учество во наставата и создава позитивна училишна средина. Покрај тоа, учениците активно учествуваат на сите акредитирани натпревари, што резултира со високи достигнувања, истакнувајќи ја конкурентноста и успехот на училиштето во надворешни активности. И покрај бројните предности, идентификувани се неколку слабости кои го ограничуваат целосниот потенцијал на училиштето. Наставниците планираат воннаставни активности, но при нивното планирање не ги вклучуваат учениците, што резултира со намалена мотивација и интерес за учество. Исто така, иако училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), само мал број ученици се вклучени во нивната реализација, што може да го намали ефектот и значењето на овие активности. Дополнително, иако наставниците во целост изјавуваат дека оценувањето е објективно, транспарентно и според јасно утврдени критериуми, дел од родителите (42,86%) сметаат дека оценките само ,,понекогаш" реално го прикажуваат знаењето на нивното дете.. Ова укажува на можни пропусти во спроведувањето на оценувањето или во транспарентноста на процесот. За да се надминат овие слабости и да се подобри општата училишна клима, идентификувани се неколку приоритети. Прво, треба да се обезбеди поголемо вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности, со што ќе се поттикне нивната креативност и иницијатива. Второ, потребно е да се создадат постапки за информирање и мотивирање на учениците за активно учество во активностите поврзани со МИО, со цел да се постигне поголема инклузивност и разбирање меѓу различните етнички групи. Конечно, приоритет е и подобрувањето на праведноста во процесот на оценување, преку зголемување на транспарентноста, унапредување на комуникацијата со родителите (за критериумите, постапките и резултатите од оценувањето) и праведното применување на критериумите за оценување од страна на наставниците. Иако училиштето се истакнува по многу аспекти, потребни се неколку клучни интервенции за да се подобри процесот на учење и вклученоста на учениците. Вклучувањето на учениците во планирањето на активностите, подобрувањето на праведноста во оценувањето и зголемената инклузивност во МИО активностите ќе придонесат за создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина. |

| |
|---|
| **Силни страни**<br>▪ Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд на учениците<br>▪ За учениците со посебни образовни потреби училиштето реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитет и за процесот на учење.<br>▪ Учениците од нашето училиште учествуваат на сите акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати |
| **Слаби страни**<br>▪ Наставниците планираат воннаставни активности но при планирањето не ги вклучуваат учениците<br>▪ Училиштето планира активности за МИО, но вклучува само мал број на ученици при нивната реализација<br>▪ Дел од родителите не се целосно уврени дека оценките во целост го отсликуваат реалното знаење на учениците |
| **Приоритети**<br>▪ Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности во училиштето<br>▪ Креирање постапки за информирање и мотивирање научениците за учество во активности МИО<br>▪ Јакнење на довербата на родителите во праведноста и објективноста на оценувањето преку поголема транспарентност за критериумите, постапките и резултатите од оценувањето, како и поголема вклученост на родителите во следењето на напредокот на учениците. |

**<u>Членови на тимот на Подрачје 1:</u>**

1. Македонка Настевски – предметен наставник (одговорно лице)
2. Матеа Цветковски – предметен наставник
3. Елени Димитрула Никодиновска  - одделенски наставник
4. Јулија Никовска Пешевска – предметен наставник

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Преглед и анализа на среден успех по предмети, одделенија, пол и националност за прво тримесечје, полугодие и трето тримесечје во учебните 2023/2024 и 2024/2025 во извештаи за работа на училиштето;<br>➢ Годишен извештај за работа на училиштето со акциски план за подобрување;<br>➢ Е-дневник;<br>➢ Записници од родителски состаноци;<br>➢ Анкети со ученици, наставници, родители;<br>➢ Интервјуа со стручни соработници, директор; | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | ▪ Училиштето прибира, анализира и користи податоци за постигањата на учениците по предмети, одделенија, пол и јазик на наставата за сите квалификациски периоди по години и паралелки.<br>▪ По извршената анализа на интервјуата со стручна служба и директорот беше констатирано дека училиштето има воспоставено функционален систем за следење на постигањата на учениците во сите квалификациски периоди и дека истиот континуирано се спроведува. Наставата се изведува на македонски јазик, а анализа на постигањата на учениците според пол моментално не се изработува.<br>▪ По извршената анализа на средниот успех по предмети, одделенија, пол и јазик на настава на учениците се утврди следното:<br>➢ Во учебната 2023/2024 година средниот успех на учениците од I до IX одделение изнесува 4,19.<br>➢ Во учебната 2024/2025 година средниот успех на учениците од I до IX одделение изнесува 4,05.<br>Од овие податоци може да се заклучи дека успехот на учениците во нашето училиште останува приближно ист во двете учебни години, со минимална тенденција на опаѓање од 0,14%.<br>▪ По извршената анализа на постигањата во преодниот период од V до VI одделение беше констатирано дека успехот генерално се одржува. Потврда на оваа констатација е просечниот успех на петтоодделенците кој во учебната 2023/2024 година е 4,69, |

| | | |
|---|---|---|
| | | додека просекот на истата генерација како шестоодделенци во учебната 2024/2025 година  изнесува 4,79. Од тука може да се заклучи дека успехот се одржал со мала тенденција на покачување од 0,1%.<br><br>▪ Во училиштето редовно се изработува анализа на успехот и поведението на секое тримесечје, како и годишен и полугодишен извештај за воспотно – образовната работа од страна на стручната служба на училиштето. Овие анализи овозможуваат да се направи споредба на резултатите по различни одделенија,  наставни предмети и по години.<br>▪ Учениците од прво до трето одделение се оценуваат описно, додека во четврто, петто и шесто одделение се оценуваат комбинирано. За таа цел се водат дневни формулари за набљудување на учениците, повремено листови за самооценување, чек-листи по предмети и ученички досиеја. Врз основа на овие инструменти се врши описно оценување и се изготвуваат евидентни листови за полугодие и свидетелства за сумативно оценување на крај година;<br>▪ Во предметна настава исто така се применуваат инструменти во оценувањето, но во помала мера;<br>▪ Податок: Од анализа на спроведените анкети со наставниците, учениците и родителите произлегуваат следните заклучоци:<br><br>▪ **Учениците континуирано се следат и поттикнуваат за развој на нивните потенцијалите од страна на наставниците, без разлика на пол, јазик и етничка припадност** (одговори: наставници – 76,66% „секогаш”, ученици – 76,67% „секогаш“, родители –63,33% „секогаш“,); |

| | | |
|---|---|---|
| | | ▪ **Наставниците се трудат да ги подобрат знаењата на сите учениците без разлика на пол, јазик и националност** (одговори од ученици –83,33% „секогаш“,);<br>▪ Од добиените податоци може да се заклучи дека мислењата на анкетираните испитаници се приближно исти во однос на поттикнување на потенцијалите на учениците од страна на наставниците без разлика на пол, јазик и етничка припадност.<br>▪ Училиштето организира заеднички наставни и вон наставни активности за ученици од мешан етнички состав во рамки на училиштето. Во училиштето постојано се промовира родова, етничка, културна, верска и јазична разновидост, при што учениците се поттикнуваат да ги почитуваат и прифатат културните и верските различности; |
| | Резултати од екстерни тестирања | Нашето училиште не е опфатено со екстерни тестирања. |
| ➢ Годишна програма за работа на училиштето (2023/2024, 2024/2025);<br>➢ Програма и акционен план на Тимот за работа со надарени/талентиран и ученици (2023/2024, 2024/2025);<br>➢ Извештаи од работата на Тимот со надарени/талентиран и ученици (2023/2024, 2024/2025); | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и<br>на учениците со Попреченост | ▪ Училиштето има воспоставен систем за идентификација на ученици со потешкотии во учењето, надарени/талентирани ученици, како и ученици со попреченост (ПОП). Кај овие ученици континуирано се следи напредокот. Врз основа на постигањата на овие ученици, наставниците им обезбедуваат соодветна поддршка во редовна, додатна или дополнителна настава;<br>▪ Идентификацијата на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост ја вршат наставниците и стручната служба на училиштето. Постои воспоставен систем на соработка и редовна комуникација меѓу сите вклучени страни.<br>▪ Програмата и акциониот план на Тимот за работа со надарени и талентирани ученици, како составен дел од Годишната |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Прашалник за идентификација на надарени ученици;<br>➢ Програма и акционен план на Училишниот инклузивен тим за 2023/2024, 2024/2025;<br>➢ Процедури за изработка и следење на ИОП;<br>➢ Одлука за формирање инклузивни тимови;<br>➢ Список на членови во инклузивен тим;<br>➢ Извештаи од работа на Училишниот инклузивен тим за 2023/2024, 2024/2025;<br>➢ Досие на ученици со ПОП/ Модифицирана програма за учениците со комплекси потреби;<br>➢ Модифицирана програма за ученик со комплексни потреби; | | програма за работа на училиштето опфаќа цели за идентификација, поддршка и следење на развојот на овие ученици.<br>▪ Програмата за работа на Училишниот инклузивен тим, исто така е дел од Годишната програма за работа на училиштето и содржи цели за идентификација, поддршка и следење на учениците со ПОП. Акциониот план на Училишниот инклузивен тим е дел од Годишната програма и претставува додаток на програмата за инклузивен тим и преку него се спроведуваат активности за реализација на планираните цели:<br>- формирање инклузивен тим за секој ученик според ИОП;,<br>- запознавање на предметните наставници со ученици со ПОП кои преминуваат од одделенска во предметна настава;<br>- изготвување ИОП или Модифицирана програма за ученици со комплексни потреби;<br>- континуирана поддршка за подобрување на социо-емоционална состојба на учениците;<br>- унапредување на инклузивната практика и следење на индивидуалните потреби.<br>Родителите на овие ученици се активно вклучени во процесот преку давање сугестии при изработката на ИОП. Наставниците кои им предаваат на овие ученици се во постојана меѓусебна соработка, вршат проценка на постигањата и даваат насоки за подобрување. За секој ученик со ПОП се води досие, преку кое се следи неговиот напредок.<br>▪ Податок: Од анализата на спроведените анкети со наставниците, учениците и родителите се извлекуваат следните заклучоци:<br>▪ **Наставниците ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето** (одговори: наставници - |

| | | |
|---|---|---|
| | | 86.66% „секогаш”; 13.33% „понекогаш”) и надарените ученици (одговориле наставници - 96.66% „секогаш”; 3.33% „понекогаш”);<br>▪ **Учениците сметаат дека кога не можат да го совладаат материјалот, наставниците се обидуваат да им го разјаснат на различни начини** (одговориле: ученици - 80% „често”; 16.67% „понекогаш”);<br>▪ **За учениците се организира додатна /дополнителна настава според потребите на учениците** (одговориле: ученици- 43.33% „секогаш”; 53.34% „понекогаш”; одговориле родители- 53,33% „секогаш”; 16,67% „понекогаш”); |
| ➢ Записници од родителиски средби и индивидуални средби;<br>➢ Листи за присутност на родители на родителски средби;<br>➢ Е-дневник;<br>➢ Евидентни листови за тримесечија и полугодие;<br>➢ Евиденција за напредокот на учениците преку различни инструменти; | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | ▪ Во нашето училиште соработката со родителите е на солидно ниво. Доказ за тоа се записниците од родителските средби, потпишаните листи за присуство на родители на родителски средби, прочитаните и потпишани евидентни листови за успех на ученици во е дневник (или пишана форма), како и континуираното следење на учениците преку различни инструменти, реализација на индивидуални средби и сл. Но исто така постои мала група родители кои не соработуваат. Ретко или воопшто не посетуваат родителски или индивидуални средби.<br>▪ Податок: Од анализа на спроведените анкети меѓу наставниците, учениците и родителите се се добиени следниве резултати:<br>• На прашањето **дали постигнувањето и подобрувањето на успехот на учениците зависи од соработката со родителот**, наставниците одговориле- 76,66% „секогаш”; 60% „понекогаш”; родителите одговориле дека од **наставниците добиваат добри совети за подобрување на успехот на ученикот-** 60%„секогаш”; родителите одговориле дека од |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците добиваат **добри совети за подобрување на однесувањето на ученикот**- 56,67% „секогаш”; родителите одговориле дека **редовно се информирани за редовноста и постигнувањата на учениците**- 96,67% „секогаш”; учениците одговориле дека **родителите се постојано известувани за неговиот напредок**- 76.67%„секогаш”;<br>• Од тука може да се заклучи дека има совпаѓање во мислењата и ставовите на анкетираните т.е. се потврдува констатацијата дека соработката меѓу родителите и наставниците е на солидно ниво. |

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Извештаи за работата на училиштето во прво тримесечје, полугодие и трето тримесечје и Годишен извештај за работа на училиштето во учебните 2023/2024, 2024/2025;<br>➢ Е дневник;<br>➢ Евиденција на оправдани и неоправдани изостаноци;<br>➢ Постапка за регулирање на отсуство на ученик; | Редовност во наставата | ▪ Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците и континуирано ги анализира причините за отсуство од настава. Во одредени случаи на отсуства се воспоставува контакт со родители и се превземаат конкретни активности;<br>▪ Се прави анализа за неоправданите изостаноци за секој квартал во учебната година;<br>▪ Во учебната 2023/2024 година се евидентирани вкупно 5198 изостаноци, од кои 49 неоправдани. Споредено со наредната 2024/2025 учебна година направени се вкупно 8137 изостаноци, од кои 76 неоправдани. Се заклучува дека бројот на оправдани изостаноци се зголемил за 2939, а на неоправдани се зголемил за 27. Најчести причини за неоправдани изостаноци се целодневно отсуствување на учениците или отсуство од поединечни часови. Најголемиот дел од неоправданите изостаноци се јавуваат во предметна настава поради нередовно доаѓање во училиште на одредени ученици. Забележано е дека најмногу отсуствуваат ученици-Албанци, кај кои често се регистрирани неоправдани изостаноци. Причините за оправдани и неоправдани изостаноци се: болест, доцнење, бегање од часови или долготрајно недоаѓање на настава без оправдување;<br>▪ Училиштето презема конкретни активности за да ја зголеми редовноста на учениците. Се изрекуваат педагошки мерки на ученици кои неоправдано отсуствуваат од наставата, се повикуваат родителите на овие ученици на разговор за да се спречат неоправданите изостаноци. Родителите кои не соработуваат писмено се повикуваат и известуваат, се |

| | | |
|---|---|---|
| | | инсистира на носење оправданија, а како крајна мерка е известување на локалната самоуправа и преземање мерки од нивна страна (во контекст на ова тврење е и спроведеното интервју со стручната служба и директорот);<br>▪ Во текот на учебната 2023/2024 година изречени се вкупно 11 педагошки мерки и тоа: 5 усни опомени, 6 писмени опомени. Изречените мерки се за несоодветно однесување или неоправдно отсуство;<br>▪ Во текот на учебната 2024/2025 година не се изречени никакви педагошки мерки;<br>▪ Се заклучува дека споредбено во двете учебни години постои драстично намалување на изречени педагошки мерки заради подобрување на однесувањето на учениците, но не и намалување на неоправданите изостаноци. |
| ➢ Записници од родителски средби;<br>➢ Правилник за изрекување на педагошки мерки;<br>➢ Покана за советување на родител;<br>➢ Записници од одржани советувања со родители;<br>➢ Годишен извештај од советување на родители и ученици;<br>➢ Записници од советувања на родители/старатели и | Советување на родители/старатели и ученици | • Стручната служба (педагог и психолог) ги реализираат советувањата на родителите и учениците за што се води уредна документација. Советувањето како редовна активност се одвива според Упатството и утврдените критериуми на МОН и според предвидениот месечен/неделен план за советување на стручната служба;<br>• Во учебната 2023/2024 година на советување биле повикани 7 родители, од кои 5 поради непосетување настава и 2 поради намален успех (еден родител е повикан по двата основа).<br>• Во учебната 2024/2025 година на советување биле повикани 24 родители, од кои 4 поради непосетување настава и 20 поради намален успех.<br>• По извршената анализа на записниците и годишниот извештај, констатирано е дека советувањата се зголемиле во учебната 2024/2025 година и имаат одреден позитивен ефект кај повеќето ученици со намален успех. Кај учениците со проблеми со редовноста, советувањата исто така имаат |

| | | |
|---|---|---|
| ученици; | | значителен ефект односно зголемена е редовноста кај овие ученици (во контекст на ова тврдење е и спроведеното интервју со стручната служба и директорот). |
| ▪ Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>▪ Е-дневник<br>▪ Годишни и тематски планирања за додатна и дополнителна настава за 2023/2024, 2024/2025<br>▪ Формулари за додатна и дополнителна настава<br>▪ Увид во реализација на додатна и дополнителна настава<br>▪ Програма за надарени и талентирани ученици (во склоп на ГП за работа на училиштето) за 2023/2024, 2024/2025<br>▪ Записници од Одделенски совет и | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | • Во текот на учебната година во училиштето се реализира редовна настава, дополнителна настава по сите предмети за учениците со потешкотии во учењето и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати во одделни области. Реализирани се и различни слободни активности.<br>• Податок: Од анализа на анкетите за наставници се добија следните резултати:<br>    • На прашањето **дали постигнувањето и подобрувањето на успехот на учениците зависи од реализација на дополнителна, додатна настава и слободни активности,** наставниците одговориле: „секогаш"/33,33%;  „понекогаш"/60%. Од тука може да се заклучи дека поголемиот број наставници сметаат дека реализација на дополнителна, додатна настава и слободни активности се важни, но не се пресудни во подобрувањето на успехот на учениците.<br>    • Од останатите прашања се гледа дека за **подобрување на успехот се значајни и употреба на различни техники, самооценување** (одговор на ученици- „понекогаш"/56.67%), **реално оценување** (одговор на ученици/секогаш" 66.67%; „понекогаш" 30%); одговор на наставници-„секогаш"/66,66%).<br>• Врз основа на анализата може да се заклучи дека реализација на редовна, додатна и дополнителна настава е важен фактор во подобрување на успехот, но според мислењата на испитаниците исто толку важно е и реалото оценување (како мотивационен фактор), самооценувањето во наставата, |

| | | |
|---|---|---|
| од Активн на одделенска и предметна настава за 2023/2024, 2024/2025<br>▪ Евиденција на ученици кои учествуваат во училишни натпревари за 2023/2024, 2024/2025<br>▪ Евиденција на наградени ученици од општински, регионални, државни и меѓународни натпревари за 2023/2024, 2024/2025;<br>▪ Список на пофалени ученици за 2023/2024, 2024/2025;<br>▪ Записници од Наставнички совет за 2023/2024, 2024/2025;<br>▪ Преглед и анализа на успехот на крај на учебните 2023/2024, 2024/2025 година; | | мислењето на учениците за оценувањето и сл. Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители и 30 ученици. На прашањето: **Дали во училиштето имате додатна/дополнителна настава за учениците кои напредуваат во учењето? 43.33% одговориле ,,секогаш”,** 53.3% од учениците одговориле ,,понекогаш’’, 3,33% одговориле ,,често”, додека 53,33% - 53.3% од родителите одговориле дека на нивното дете секогаш му е овозможена додатна настава, 16,7% одговориле - ,,понекогаш”, додека 30% од родителите одговориле ,,никогаш”<br>• Дополнителна и додатна настава се реализира кај учениците од I до IX одделение. Присуството се евидентира во формулари за додатна и дополнителна, како и во е – дневник. Наставниците изработуваат годишни планирања за додатна и дополнителна настава за учениците од II-IX одделение; Одржувањето на дополнителна и додатна настава е отежнато поради немање просторни услови.<br>• На Одделенските совети и Активите на одделенска и предметна настава се изнаоѓаат начини за работа со ученици кои посетуваат додатна и дополнителна настава со акцент на редовно реализирање на овие часови, со индивидуализиран и диференциран пристап во работата, како и соработка со стручна служба.<br>• Училиштето има систем на идентификација на надарени ученици со цел да се препознаат талентите и истите да се следат и надградуваат во редовната и додатната настава и со натпреварите. За таа цел во учебната 2023/2024 година, учениците учествуваа на вкупно 23 натпревари, а во учебната 2024/2025 година на 15 натпревари од кои дел се Општински, Регионални, Државни и други конкурси со натпреварувачки карактер на кои се освојувани значајни награди. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Ученички досиеја; | | | • Учениците со континуиран одличен успех, дисциплина и поведение се пофалувани на Одделенски и Наставнички совети. Во учебната 2023/2024 година пофалени се вкупно 63 ученици, а во учебната 2024/2025 година пофалени се вкупно 65 ученици. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Нашето училиште располага со податоци за постигања на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години, при што се констатира стабилност во просечниот успех на учениците од I до IX одделение (4,19 – 4,05) со тенденција на одржување на успехот кај учениците кои преминуваат од V во VI одделение (4,69-4,79). Следењето и поттикнувањето на развојот на потенцијалите на учениците се врши континуирано и подеднакво, без разлика на пол, јазик или етничка припадност. Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, евидентните листови на секое тримесечие, свидетелства, како и за интелектуалниот и социјален развој. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот. Повеќето наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката, со препораки за подобрување на постигањата на ученикот. Врз основа на увидот во актуелните постигнувања, училиштето планира и превзема конкретни активности за подобрување на резултатите на учениците. Личните постигања на учениците се промовираат на web страната на училиштето како и преку учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи и сл. Повеќето анкетирани наставници одговориле дека помагаат во подобрување на постигањата на учениците. Ги применуваат стандардите при оценување на учениците кои се следат континуирано и подеднакво, вклучувајќи ги и учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост. Повеќето ученици сметаат дека оценувањето во училиштето е реално, објективно и мотивирачко. Соработката со родителите е на солидно ниво, при што што училиштето редновно ги информира родителите за успехот и редовноста на учениците и се применува интерен протокол за повикување и реализирање на советување со родители. Бројот на советувања се зголемил и тие имаат позитивен ефект кај учениците со намален успех и учениците со проблеми во редовноста. Исто така евидентирано е и драстично намалување на изречените педагошки мерки заради подобрување на однесувањето на учениците , како и благо зголемувањае на бројот на пофалени ученици за континуирана работа, успех, дисциплина и примерно поведение. Сепак постојат и области кои бараат внимание и подобрување. Мал дел од родителите ретко или воопшто не посетуваат родителски или индивидуални средби. Исто така постои потреба од целосна оспособеност на наставниците за изработка на ИОП и Модифицирана програма за учениците со комплексни потреби. Спроведените анкети за родители и ученици укажаа на потреба од поголема достапност и континуитет на дополнителната/додатната настава по потреба за учениците. Од 30 анкетирани ученици, 43,33% (13 ученици) одговориле дека |
| --- |

наставата им се овозможува секогаш, 3,33% (1 ученик) „често“, а 53,33% (16 ученици) „понекогаш“. Од 30 анкетирани родители, 53,33% (16 родители) сметаат дека нивното дете секогаш ја добива наставата, 16,7% (5 родители) „понекогаш“, а 30% (9 родители) „никогаш“.

**Силни страни**

- Постигањата на учениците во преодниот период од V во VI одд. има тенденција на одржување на успехот;
- Следењето и поттикнувањето на развојот на потенцијалите на учениците се врши без разлика на пол, јазик и етничка припадност;
- Соработката меѓу родителите и наставниците е на солидно ниво;
- Постои - драстично намалување на изречени педагошки мерки заради подобрување на однесувањето на учениците;
- Бројот на советувања се зголемил и имаат позитивен ефект и кај ученици со намален успех и кај нередовни ученици;
- Постои тенденција на благо зголемување на бројот на пофалени ученици за континуирана работа и постигнување успех, дисциплина и примерно поведение;

**Слаби страни**

- Постои мала група родители кои ретко или воопшто не посетуваат родителски или индивидуални средби;
- Изготвување на ИОП или Модифицирана програма за ученици со комплексни потреби;
- Недоволна достапност и континуитет на дополнителната/додатната настава по потреба за учениците поради просторните услови.

**Приоритети**

- Да се изнајдат начини за зголемување на соработката со родителите кои ретко или воопшто не посетуваат родителски или индивидуални средби и не посетуваат закажано советување од страна на стручна служба;
- Да се оспособат сите наставници за изработка на ИОП или Модифицирана програма за ученици со комплексни потреби;
- Да се подобри достапноста и континуитетот на дополнителната/додатната настава по потреба за учениците.

**<u>Членови на тимот на Подрачје 2:</u>**

1. Сузана Трајковска – одделенски наставник (одговорно лице)
2. Билјана Димитриевска – одделенски наставник
3. Ирена Камчева Младеновска – предметен наставник
4. Викторија Гоцевска – предметен наставник

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ„Крум Тошев“ – Трубарево Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Куќен ред на училиштето;<br>➢ Кодекс на однесување на учениците во училиште;<br>➢ Кодекс на однесување на наставниците;<br>➢ Кодекс на однесување на родителите;<br>➢ Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки за учениците;<br>➢ Статут на училиштето;<br>➢ Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; | Углед/имиџ на училиштето | ▪ Во училиштето се забележува една општа тенденција кон заемно почитување и соработка. Вработените се стремат кон тимска работа, негувајќи го мултикултурализмот, подржувајќи ја инклузивноста и градејќи професионален став кон основната цел - едукација на младите. Училиштето ги реализира еко стандарите предвидени со програмата и наставниот план. |
| | Кодекс на однесување | ▪ Училиштето има изработено Куќен ред усвоен од Училишниот одбор.<br>▪ Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.1. Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето**. 29.2% од наставниците целосно се согласуваат., 50% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 18.8% не се согласуваат со тврдењето, 2.1% целосно не се согласуваат и нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење<br><br>**3.2. Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.** 27.1% од наставниците целосно се согласуваат., 54.2% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 18.8% не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Записници од работа на училишната заедница; | | целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Училишна клима | ▪ Во училиштето постои здрава училишна клима, клима на взаемно почитување, рамноправен третман меѓу структурите во училиштето и постои професионална соработка меѓу вработените.<br>▪ Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.3. Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка**. 35.4% од наставниците целосно се согласуваат., 47.9% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 14.6 % не се согласуваат со тврдењето, 2.1% целосно не се согласуваат и нема наставници кои не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.5. Добро соработувам со колегите во училиштето**. 54.2% од наставниците целосно се согласуваат., 65.8% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>▪ Добиените податоци дополнително се проверени преку дискусија со фокус група од наставници и интервју со директор и стручни соработници. Наставниците во фокус групите сметаат дека генерално училишната клима е на ниво, додека директорот и стручните соработници сметаат дека училишната клима задоволува. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | ▪ Дисциплината на учениците и вработените е на задоволително ниво. За време на наставата и вонннаставните активности постои работна атмосфера. Вработените водат грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на наставата и одморите. Дежурните наставници ги прифаќаат учениците еден час пред започнување на наставата и се грижат за нив еден час по завршувањето на наставата.<br>▪ Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.4.За време на моите часови има добра работна атмосфера**. 62.5% од наставниците целосно се согласуваат., 37.5 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето или целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.6.Училиштето добро се справува со дисциплината.** 50.6% од родителите целосно се согласуваат, 43.3% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат и 6% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>• 100% од наставниците целосно се согласуваат дека имаат добра работна атмосфера на часовите.. Исто така, 93.6% од родителите целосно се согласуваат дека наставниците добро се справуваат со дисциплината.<br>• Добиените податоци дополнително се проверени преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | дискусија со фокус група од ученици, при што е констатирано дека учениците сметаат дека дисциплината на големиот дел од часовите не е задоволителна. Учениците слушаат на часовите каде што предаваат строги наставници. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | • Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на ученичкиот парламент, ученичката заедница како и на часовите на одделенска заедница. Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Детска организација ги опфаќа учениците I-V одделение. Ученичката заедница ги опфаќа учениците VI-IX и Ученичкиот параламент ги опфаќа сите ученици од I-IX одделение. Раководното тело е избрано на демократски начин со јасни критериуми и тајно гласање. Со мнозинство на освоени гласови истото е активно во застапување на интересот на учениците. Ова е јасен индикатор дека во училиштето активно и целисходно работи и учествува ученичката заедница со комлетно изработена програма за работа. Меѓу другото вредни активности кои треба да ги спомeнеме, а од огромно значење се: работилници за врсничко насилство, работилница “Човекови права“и други.<br>• Податок: Во однос на тврдењето:<br>**3.8.Учениците ги мотивирам да учествуваат во** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес.** 60.4% од наставниците целосно се согласуваат., 39.6% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкета и разговори со ученици, родители, наставници, стручна служба;<br>➢ Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; | Познавање и почитување на правата на децата | ▪ Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. На одделенските часови се практикуваат работилници во кои учениците се запознаваат со своите права и обврски прилагодени на возраста на учениците. Преку детската организација, ученичката организација и ученичкиот парламент учениците дискутираат,разговараат дебатираат за актуелните активности и проблеми на кои наидуваат во текот на реализација на наставата, во учењето, во меѓуврсничките релации и поставуваат барања за разрешување на тие проблеми до училиштето. Во соработка со стручната служба и наставниците во училиштето традиционално со години по повод на денот на човековите права 10 декември се реализираат проектни активности во кои се вклучени ученици од I - IX одделение. Овие проектни активности се однесуваат на теми на почитување на правата на децата, меѓуврсничка комуникација, почитување на различностите и истите се реализираат преку: ликовни и литературни конкурси, работилници, дикусии дебати на одделенските часови, на ученички парламент и ученичка |

| | | |
|---|---|---|
| | | заедница и во соработка со родителите, надворешни соработници и организации.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.9.Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.** 54.2% од наставниците целосно се согласуваат., 45.8% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема не се согласуваат со тврдењето,целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.10. На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.** 21.7% од наставниците целосно се согласуваат., 72.9 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето или целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.12.Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права.** 50% од учениците целосно се согласуваат, 44.8% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 2.2% не се согласуваат со тврдењето, 3% од учениците целосно не се согласуваат и нема од учениците не знаат или |

| | | |
|---|---|---|
| | | немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.7. Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето.** 12% од родителите целосно се согласуваат, 26.7% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 26% не се согласуваат со тврдењето, 5.3% од родителите целосно не се согласуваат и 30% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>• Иако 50% од учениците целосно се согласуваат и 44.8% од учениците се согласуваат со тврдењето: Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права. Од друга страна според анкетата 30% од родителите не знаат или немаат информација за тврдењето: Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето, додека 26.7% од родителите се согласуваат со ова тврдење.<br><br>• Сепак податоците се дополнително проверени во фокус групите се доби на права според нив не се доследно испочитувани, но и дека повеќето ученици не ги почитуваат своите обврски и не ги почитуваат воспоставените правила. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | • Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како |

| | | |
|---|---|---|
| | | темелни вредности и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот.<br>• Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С Македонија, без оглед на која етничка група и припаѓаат. Училиштето организира заеднички воннаставни активности наменети за културно/јазички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Стручната служба наставниците спроведуваат активности за заштита на детските права по повод Ден на детето. Со најразличните интеркултурни работилници се развива меѓусебна интеракција на учениците и наставниците од различна етничка припадност и култура, јакнејќи го интеркултурализмот.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.11.Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман.** 45.8% од наставниците целосно се согласуваат., 54.2 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **3.12.Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности.** 47.9 % од наставниците целосно се согласуваат., 52.1 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.3. Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците.** 60% од родителите целосно се согласуваат, 39.3% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 0% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.4.Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците.** 51.3% од родителите целосно се согласуваат, 46% од родителите се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 2.7% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.8.Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици**. 54.7% од родителите целосно се согласуваат, 42.7% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 0% не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат со тврдењето, 2.7% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.9.Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици.** 49.3% од родителите целосно се согласуваат, 38% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 6.7% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 6% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.10.Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.** 64% од родителите целосно се согласуваат, 36% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 0% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.11.Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.** 32% од родителите целосно се согласуваат, 60% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 8% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 0% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **3.2. Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.** 48.5% од учениците целосно се согласуваат, 50.7% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 0.7% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.3. Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците.** 52.2% од учениците целосно се согласуваат, 45.5% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 2.2% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br>➢ Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>➢ Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); структура на паралелките;<br>➢ Записници од работата на ТУИ - Тимот за училишна интеграција;<br>➢ Дневник за работа на стручните соработници; | Соработка на училиштето со родителите/старател ит е | • Соработката со родителите е на задоволително ниво. Родителите се вклучени во училишниот образовно-воспитен систем на повеќе нивоа: - Родителски средби - Отворени денови - Приемни денови: стручна служба и наставници (истакнати на видно место во училиштето) - Наставни активности и активности во и вон училиштето. Исто така родителите даваат свое мислење за тоа како се задоволни од работата на самото училиште преку прашалниците за родители/старатели кои ги добиваат.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.13. Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето.** 45.7% од наставниците целосно се согласуваат.54.2 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, нема наставници кои не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.14. Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.** 29.2 % од наставниците целосно се согласуваат., 66.7 % од наставниците се |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Оперативен план за наставен час;<br>➢ Записници од наставнички совет;<br>➢ Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација. | | согласуваат со ова тврдење, 2.1 % не се согласуваат со тврдењето, 2.1 %не се согласуваат и нема наставници кои целосно не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.12.Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.** 25.3% од родителите целосно се согласуваат, 63.4% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 11.3% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и нема од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Иако 88.7 % од наставниците се согласуваат со тврдењето Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето.<br><br>• Податоците дополнително се проверени преку фокус групите со родители/старатели при што се доби сознание дека мал дел од родителите биле вклучени во активностите кои ги спроведува училиштето или воопшто не биле информирани по однос на истите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | • Комуникацијата со Локалната самоуправа се остварува преку состаноци на Директорот и членови на Локалната самоуправа. Се соработува во разгледување и усвојување на Годишната програма и Годишните извештаи за работата на училиштето, на почетокот и крајот на учебната година, па до разгледување и решавање на тековни проблеми од интерес на училиштето, во текот на целата година. По потреба и претставници на Локалната самоуправа учествуваат на состаноци во училиштето. Исто така, соработка со Локалната самоуправа се остварува и преку аплицирање на проекти кои се значајни за подобрување на условите за работа на училиштето<br>• Нашето училиште редовно учествува на конкурси, натпревари, одбележување на важни и значајни датуми кои ги организира Општината, а вршиме и посета на институциите од Локалната самоуправа која ни е предвидена со Годишните програми.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.15. Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата.** 41.6% од наставниците целосно се согласуваат., 58.4 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br>• Дополнително податоците се проверени во фокус групите со наставници и интервјуто со директорот и стручните соработници |

| | | |
|---|---|---|
| | | при што се доби сознание дека Училиштето има одлична соработка со заедницата и учествува во сите активности од областа на образованието кои ги реализира општината. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба;<br>➢ Извештаи од спроведени активности за заштита од насилство,договори за храна,извештаи од реализрани систематски и санитарни прегледи | Превенција и заштита од насилство | • Од МОН насоките за превенција и рано откривање на насилното однесување успешно се применуваат во училиштето. Училиштето има изготвено процедура за идентификување и работа со ученици кои насилно се однесуваат кон останатите соученици. При отривањето на учениците кои вршат насилство и разрешување на ваквото однесување во училиштето взаемно соработуваат учениците, наставниците, стручната служба и родителите. Наставниiот кадар за поуспешно справување со сите форми на насилство врз децата посетува обуки, работилници и конференции со што го надоградуваат своето знаење. Стручната служба реализира работилници, предавања, видео проекции, конкурси со учениците и наставниците за спречување на насилното однесување меѓу учениците. Во училиштето не се појавува соврсничко насилство, булинг и сајбер насилство,во спротивно веднаш би превенира стручната служба во соработката со наставниците. Доклку има потреба училиштето се обраќа за помош и поддршка до Центарот за социјални грижи, ЗМЗ, МВР и други стручни лица и институции.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.6.Со моите ученици спроведувам активности** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти**. 58.4% од наставниците целосно се согласуваат., 41.6% од наставниците се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат или не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.7.Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.** 48% од наставниците целосно се согласуваат., 52.1% од наставниците се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат и нема не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.17. Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите.** 43.8% од наставниците целосно се согласуваат., 56.3% од наставниците се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето, нема целосно не се согласуваат и нема не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.13. Запознаен/а сум со училишниот протокол** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **за превенција и постапување во случаи на насилство.** 48% од родителите целосно се согласуваат, 46.7% од родителите се согласуваат со ова тврдење, нема не се согласуваат со тврдењето, нема од родителите целосно не се согласуваат и 5.3% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.14.Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.** 58.6% од родителите целосно се согласуваат, 40.7% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 0.7% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>3**.15.Училиштето добро се справува при појава на насилство.** 26% од родителите целосно се согласуваат, 35.3% од родителите се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето,целосно не се согласуваат и 38.7% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.16.Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето.** 47.8% од учениците |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласуваат, 45.5% од учениците се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето, целосно не се согласуваат и 6.7% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>3**.17.Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство.** 53% од учениците целосно се согласуваат, 44.8% од учениците се согласуваат со ова тврдење,нема не се согласуваат со тврдењето, нема целосно не се согласуваат и 2.2% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>**3.16. Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето.** 44.8% од учениците целосно се согласуваат, 52.2% од учениците се согласуваат со ова тврдење, нема не се согласуваат со тврдењето, нема од учениците целосно не се согласуваат и 3% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Иако 100% од наставниците целосно се согласуваат со тврдењето**:** Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. Според анкетата 0.7% од родителите не знаат или немаат информација за тврдењето: |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти. 58.6% од учениците целосно се согласуваат со тврдењето: Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство.Податоците се дополнително проверени во фокус групите со ученици и од разговорите во фокус групата со ученици се доби на сознание дека постои насилство во училиштето од секаков вид. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | • Училиштето има политика за забрана на пушење, внесување на алкохол, дистрибуција и користење наркотични средства. Во училиштето се почитува Законот за забрана на пушење и не се доаѓа во алкохолизирана состојба. Во училиштето се организираат предавања за штетноста на пушењето, конзумирањето на алкохол и последиците од користењето на дрога и други наркотични средства. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив.<br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.16. Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога.** 35.4% од наставниците целосно се согласуваат., 64.6% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 0 % не се согласуваат со тврдењето, 0% целосно не се согласуваат и не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | |
|---|---|
| | • Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.16. Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога.** 70.1% од родителите целосно се согласуваат, 25.3% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 4.6% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.18.Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.** 47% од учениците целосно се согласуваат, 45.5% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 7.5% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| Квалитет на достапна храна | • Училиштето има организирана исхрана за учениците во училиштето и тоа топол оброк и ужинка. Храната што им се нуди на учениците во училиштето е безбедна и согласно сите стандарди за квалитет. Тендерот за храна се избира од страна на родителите. |

| | |
|---|---|
| Хигиена и заштита од болести | • Хигиена во училишната зграда, фискултурната сала и дворот е на задоволително ниво според пропишаните норми. Вработените ги почитуваат процедурите за одржување на хигиената, а кај учениците се создаваат навики за одржување на хигиената во училиштето. На часовите на одделенска заедница често се разговара за начините, превенцијата и мерките за заштита од болести. Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со здравствени институции со цел навремена и правилна превенција од заразни болести. Вработените и учениците редовно и навремено прават систематски и санитарни прегледи.<br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.19. Училиштето е чисто и уредно.** 44.7% од учениците целосно се согласуваат, 53.7% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 1.5% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.17. Хигиената во училиштето е на високо ниво.** 32.7% од родителите целосно се согласуваат, 50% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 6% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 11.3% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | |
|---|---|
| Грижа за безбедноста на учениците и вработените | • Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (скалите, мебелот, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Во училиштето има вработени со вештини за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето, од страна на Црвен крст се држеше обука за едукација на учениците во случај на пожар и поплава но има потреба од дополнителна обука.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.1. Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.** 52.9% од учениците целосно се согласуваат. 46.3% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 0.7% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Податоците се дополнително проверени во фокус групите со наставниците при што се доби сознание од учесниците во фокус групата дека секој од учениците се чувствува сигурно и безбедно во училиште. |

| | |
|---|---|
| Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | • Училиштето особено води грижа за учениците од социјално ранливите категории.<br>• Редовно се организираат хуманитарни акции, хепенинзи, проекти кои се наменети токму за помош и поддршка на учениците на кои им е потребна. Училиштето во соработка со Општина Гази Баба и училишната организација на Црвен Крст реализира низа хуманитарни акции за помош на социјално загрозени семејства.<br>• Во активностите за обезбедување на грижата и заштитата на децата училиштето соработува и со Центарот за социјални грижи, хуманитарни организации и бизнис заедницата. |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми | • Во училиштето има разработено системи за идентификување, следење и работа со ученици кои имаат здравствени проблеми. Тимската работа на стручната служба, наставникот и родителот резултира со подобрување или надминување на здравствените проблеми.<br>• Континуираната работа и поддршка на учениците како и создавање адекватни услови за работа допринесуваат ученикот да напредува во воспитно образовниот процес. По потреба во зависност од потребите училиштето соработува со струни лица и институции. |

| | |
|---|---|
| Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | • Училиштето особено води грижа за учениците од социјално ранливи категории. Редовно се организираат хуманитарни акции, настани, проекти кои се наменети токму за помош и поддршка на учениците на кои им е потребна,<br>• Училиштето во соработка со Општина Гази Баба реализира низа хуманитарни акции за помош на социјално загрозени семејства. Во активностите за обезбедување на грижата и заштитата на децата училиштето соработува и со Центарот за социјални грижи, хуманитарни организации и бизнис заедницата.<br>•<br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.4.Сакам да одам на училиште.** 42.5% од учениците целосно се согласуваат, 53% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 0% не се согласуваат со тврдењето, 0% од учениците целосно не се согласуваат и 4.5% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.19. Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете.** 30.6% од родителите целосно се согласуваат, 62.6% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 15.3% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 6.7% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | |
|---|---|
| Давање помош при изборот за продолжување на образованието | • Во училиштето континуирано се следи развојот на сите учениците вклучувајќи ги и учениците со ПОП и талентираните ученици, како би им помогнале во правилниот избор на нивното понатамошно образование. Во текот на учебната година стручната службата индивидуално и групно разговара со учениците и родителите за важноста на правилниот избор на нивното понатамошно образование. Ги информира учениците за образовните струки на државните и приватните средни училишта, како и за потребната документација за упис во средно училиште.Со ученици од деветто одделение се прават тестови на способности како би можеле да направат вистински избор за нивната идна професија и да донесат одлука каде ќе го продолжат своето образование.<br>• За кариерното образование на учениците стручната служба спроведува активности и истражување на видови професии, барани професии на пазарот и сл.<br>• Соработката со Заводот за професионална ориентација допринесува во голема мерка со специјализирани тестови за насочувањето на учениците<br><br>• Податок: Анкетирани се вкупно 30 родители по случаен избор. По однос на тврдењето<br>**3.20. Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.** 44% од родителите целосно се согласуваат, 37.4% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 6.7% не се согласуваат со тврдењето, 0% од родителите целосно не се согласуваат и 18.7% од родителите не знаат или немаат информација за ова. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

Во оценувањето на работата на училиштето, се издвојуваат неколку значајни аспекти кои ги нагласуваат и неговите силни страни и областите каде што е потребно подобрување. Ова резиме ги презентира главните наоди поврзани со силните и слабите страни на училиштето, како и приоритетите за подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето.

Една од најзначајните предности на училиштето е плодната соработка со заедницата, која се реализира преку заеднички проекти со општината и граѓанските организации. Оваа соработка овозможува размена на ресурси и искуства, што позитивно влијае на образовниот процес и создава врска меѓу училиштето и пошироката заедница. Дополнително, училиштето се истакнува со обезбедувањето на безбеден и сигурен простор за учениците, каде што тие се чувствуваат заштитени. Оваа безбедност е клучен елемент за создавање позитивна и продуктивна училишна средина. Понатаму, редовната грижа за здравјето на учениците е важен дел од културата на училиштето, каде што постои тесна соработка меѓу стручната служба, наставниците и родителите. Ова обезбедува соодветна поддршка за учениците со хронични заболувања и други здравствени проблеми, што овозможува непречено учење и учество во наставата.
Сепак, училиштето се соочува со одредени предизвици, кои влијаат врз квалитетот на наставата и вклученоста на учениците и родителите во одредени активности. Дополнително, иако училиштето планира активности за запознавање на учениците со нивните права, постои потреба од зголемување на ефективноста на овие активности. Исто така, иако се спроведуваат активности за превенција од насилство и ненасилно решавање на конфликти, потребна е поголема вклученост на родителите и учениците, како и подобра информираност за овие активности. На крај, активностите поврзани со информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците се важен аспект од образовниот процес, но постои потреба од подобра комуникација со родителите за нивната реализација.
За да се надминат идентификуваните слабости, утврдени се неколку приоритети. Прво, важен приоритет е зголемување на вклученоста на родителите во заеднички активности, едукации и работилници поврзани со правата на децата, што ќе ја подобри свесноста за овие права и ќе ја зајакне нивната поддршка.Второ, учениците треба да бидат активно вклучени во активности и едукации за превенција од насилство и ненасилно решавање на конфликти, со што ќе се поттикне нивната свесност и учество во градењето на ненасилна средина.
Конечно, потребно е зголемување на транспарентноста во информирањето и поддршката при избор на понатамошното

образование на учениците, што ќе им помогне и на учениците и на родителите при донесување на информирани одлуки за иднината.

Училиштето има силни основи за успех, како што е добрата соработка со заедницата и посветеноста на безбедноста и здравјето на учениците. Сепак, постојат области каде што е неопходно унапредување, како што се дисциплината во училниците и подобрување на вклученоста на родителите и учениците во одредени активности. Со поставување на приоритети за решавање на овие слабости, училиштето може да го подобри квалитетот на образовниот процес и да создаде подобра средина за учење и развој на учениците.

**Силни страни**

- Училиштето остварува одлична соработка со заедницата преку заеднички проекти со општината и граѓански организации.
- Училишниот простор е безбеден за изведување настава и учениците се чувствуваат безбедно и сигурно.
- Училиштето води континуирана и редовна грижа за здравјето на учениците, во училиштето постои соработка меѓу стручната служба, наставникот и родителот за надминување на проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди и е дел од културата на училиштето.

**Слаби страни**

- Училиштето планира активности за запознавање со правата на децата, но постои потреба од зголемување на ефективноста од реализираните активности.
- Училиштето спроведува активности за превенција од насилство и ненансилно решавање на конфликти, но постои потребна од поголема вклученост и информираност на родителите и учениците во реализацијата на овие активности.
- Училиштето спроведува активности за информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, но постои потребна од поголема информираност на родителите за реализацијата на овие активности

**Приоритети**

- Потребно е унапредување на менаџирање во училницата од страна на наставниците.
- Вклучување на родителите/старателите во заеднички активности, едукации и работилници за правата на децата
- Вклучување на учениците во заеднички активности, едукации и работилници за превенција од насилство и ненансилно решавање на конфликти.
- Потребно е зголемување на транспарентноста за информирање и поддршка при избор на понатамошното

| |
|---|
| образование на учениците. |

**Членови на тимот на Подрачје 3:**

1. Фанка Каралиева – одделенски наставник (одговорно лице)
2. Габриела Бурјаковска – одделенски наставник
3. Анета Серафимова Николовска – предметен наставник
4. Гоце Петровски – предметен наставник

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Статут на училиштето;<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето;<br>➢ Записничка книга од состаноци на Училишен Одбор;<br>➢ Закон за основно образование;<br>➢ Интервју со претседател на Училишен одбор;<br>➢ Одлуки и извештаи од Училишен одбор;<br>➢ Програма за работа на директорот;<br>➢ Програма за работа на Училишен одбор;<br>➢ Анкета со наставници, ученици и родители;<br>➢ Анкета со членови на Училишен одбор;<br>➢ Интервју со директор; | Управување со училиштето | ▪ Нашето училиште ООУ „Крум Тошев“ – Скопје, е верифицирано со датум на верификација 02.06.1987, под деловоден број 14-2877 и орган на верификација: Собрание на општина Гази Баба.<br>▪ Највисок орган на управување на училиштето е Училишниот одбор, кој е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето (донесен на 26.12.2013, заведен под деловоден број 01-415)<br>▪ Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловодник за работа на УО (донесен на 11.05.2011, заведен под деловоден број 02-15/3).<br>▪ Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот според Деловодникот за работа на УО, донесен врз основа на член 124 од Законот за основно образование и Статутот на ООУ „Крум Тошев”.<br>▪ Во училишниот одбор според бројот на учениците и паралелките од прво до деветто одделение членуваат 9 претставници и тоа:<br>Тројца претставници од Наставнички совет:<br>1. Гоце Петровски<br>2. Емилија Петковска<br>3. Филип Ацевски<br>Тројца претставници од Совет на родители:<br>4. Жаклина Кимовска – претседател<br>5. Крстена Јовановска<br>6. Симеон Стефков |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Записници од Одделенски совети, Наставнички совети, Совет на родители, Училишен одбор;<br>➢ Финансов план на училиштето;<br>➢ Планови, процедури, постапки и протоколи;<br>➢ Интервју со библиотекар; | | Еден претставник од општина Гази Баба:<br>7. Здравко Блинцов<br>Двајца претставници од Училишен Парламент (учениците имаат право на присуство, но не и право на глас):<br>8. Андреј Спасевски<br>9. Николина Цветковска<br>▪ Состаноците се оддржуваат со мнозинство на членови на одборот. Според записниците досега нема откажан состанок поради недостиг на кворум. На состаноците задолжително присуствуаат најмалку по еден претставник од поединечните структури, освен во случаи на претходно најавено отсуство. На сите членови им е обезбедено навремено информирање за одржување на седницата со дневен ред, како и материјали за работа на седницаа. Членовите на УО се информираат по електронски пат и официјално по пошта. Најмалку (3) дена пред почетокот на седницата.<br>▪ Записниците од сите седници се архивираат и се заведени со деловоден број кај секретарот на училиштето. Училишниот Одбор активно соработува со просветниот инспекторат (општински и републички), Биро за развој на образование и со комисијата за образование при советот на општинската комисија.<br>▪ Со УО раководат претседател, потпретседател, записничар кои се одбрани од членовите на училишниот одбор<br>▪ УО има воспоставено партнерски однос со директорот, педагогот, психологот, наставниците но и со други заинтересирани страни. Тој работи според програма за работа која ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски.<br>▪ УО активно учествува во креирањето на училишната политика во која се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничката |

| | | |
|---|---|---|
| | | интеграција во образованието и младинско учество.<br>▪ УО дава мислење за избор на директор и решава за сите најважни одлуки што треба да се донесат во училиштето.<br>▪ Раководниот орган присуствува на сите седници и со сите членови на УО има воспоставено партнерски однос.<br>▪ Податок: од вкупно анкетирани 30 родители, 55,6% (17 родители) се согласуваат дека се информирани за одлуките на Училишниот одбор преку своите претставници во Советот на родители, додека 22,2% (7 родители) не се согласуваат и 22.2 (6 родители) делумно се согласуваат. Согласно овој податок дека 44,4% од анкетираните родители не се целосно информирани укажува на потребата од унапредување на комуникацијата помеѓу претставниците на Советот на родители, Училишнот одбор и останатите родители, како и воспоставување појасни и поефикасни канали на информирање. |
| | Раководење со училиштето | ▪ Раководен орган на училиштето е директорката Александра Димитриевска, која е одговорна за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.<br>▪ Раководниот орган гради политика на здрава училишна клима. Тоа го постигнува преку донесените прописи и правила на однесување на учениците. Раководниот орган има изготвени Кодекс на однесување (за наставници и ученици) со кој се регулирани следните подрачја:<br>- Организација и реализација на воспитно-образовниот процес;<br>- Училишна клима;<br>- Професионален развој и усовршување;<br>- Училишна култура;<br>- Соработка со локалната средина и<br>- Комуникација и односи со јавноста; |

| | | |
|---|---|---|
| | | ▪ Во училиштето постојат и се применуваат и следните правилници:<br>- Правилник за почитување на куќниот ред;<br>- Правилник за пофалување и наградување на наставници<br>- Правилник за избор на првенец на генерација;<br>- План за заштита од заразни болести;<br>- Правилник за идентификување на потребите на наставниците, нивната должност за континуирано професионално усовршување;<br>- Процедура за грижа за заштита на лични податови на ученици, наставници;<br>- Правилник за воспитно – образовни обврски и работни задачи на наставниците, мерки и санкции кои се преземаат за нивно неизвршување;<br>- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник во ОУ;<br>- Процедура за откривање и грижа на учениците со емоционалните проблеми;<br>- Процедура за грижа на учениците со телесни пречки во развојот;<br>- Процедура за работа со хронично болни деца;<br>- Процедура за идентификација на учемници со потешкотии во учењето;<br>- Процедура за регистрирање на појава на пушење, конзумирање на алкохол и наркотични супстанци;<br>- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот и поблиските критерими, организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во основното образование; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Процедура за следење на работата на наставниците;<br>- Процедура за анализирање и идентификување на причините за повторување;<br>- Процедури за обезбедување на материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства;<br>- Процедура за запишување на деца во прво одделение;<br>- Постапка за евидентирање на изостаноци и постапка за известување и советување на неоправдано отсутни ученици;<br>- Правилник за пофалување, наградување и изрекување педагошки мерки за учениците;<br>- Правилник за професионални стандарди за звањата наставник- ментор и наставник- советник и начинот на стекнување;<br>- Правилник за организација и начин на спроведување на дополнителна и додатна настава во основните училишта;<br>- Протокол за реагирање при насилно однесување спречување на насилство во училиштето и разрешување на конфликти;<br>- Процедура за грижа на ученици кои од оправдани причини подолго отсуствуваат од настава.<br>- Правилник за училишни униформи, користење на мобилни телефони и интонирање на Химна на Република Северна Македонија<br>▪ Раководниот орган успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите гледишта и потреби на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност |

| | | |
|---|---|---|
| | | ефективно да делегира надлежности, да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето и во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и постојано подобрување на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува партнерства со локалната заедница, невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето. Перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, од Биро за развој и секторот за основно образование при МОН.<br><br>▪ Раководниот орган идентификува и се фокусира на јасни приоритети прецизирани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и постојано подобрување на имиџот на училиштето.<br>▪ Со Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа јасно се дефинирани надлежностите на раководење, управување и надлежностите на админситративното лице (сметководител и секретар). Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со наставниот процес или разрешување на конкретни проблеми е отворена. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето по пат на состаноци: Одделенски совети, Наставнички совети, Совет на родители и состаноци со Училишен одбор, како и директна комуникација.<br>▪ Програмски планирани состаноци на раководниот тим со наставниот кадар кои се одржуваат: Стручен актив еднаш месечно, а Одделенски и Наставнички најмалку 4 пати во |

| | | |
|---|---|---|
| | | годината и со нив раководи директорот на училиштето. Се разгледува и усвојува Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето, се утврдуваат задолженија на наставниците, се носи програма за организирање на ученички екскурзии, програма за стручно усовршување на наставниот кадар и други прашања поврзани со наставата. Годишната програма е разгледана и усвоена на Наставнички совет. Годишната програма е составена од наставните програми на сите наставници по одделенија, стручни активи по предмети, за вонучилишни активности, за класно раководство, соработка со родители, програма на директорот, програми на стручни соработници -педагог, психолог, библиотекар и др.<br>▪ Покрај органот на управување и раководење во училиштето има стручни органи и тела и тоа:<br>- Наставнички совет на училиштето,<br>- Одделенски совети, одделенски раководители,<br>- Совет на родители и<br>- Ученички организации- Ученичка заедница, Ученички Парламент<br>Работата на секој од овие органи, тела и организации на учениците се изведува по однапред утврдена програма. Во училиштето функционира и Советот на родители кој брои вкупно 18 члена колку што има и паралелки во училиштето. Консултациите со раководниот тим се одвиваат по пат на разговор, со почитување на соговорникот, а информациите се добиваат и на состаноци, усни известувања, известувања во писмена форма на огласната табла во училиштето и електронска форма. Работата и активностите на Советот на родители се евидентира во записничка книга.<br>▪ Во интерес на реализирање на поставените цели во учебната |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2023/2024 и 2024/2025 се определени задачите, активностите и одговорните лица и временската рамка за нивна реализација.<br>▪ Во планот за евалуација се определени критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кој ќе се следи успешноста на реализирање на поставените цели.<br>▪ Училиштето преку редовно одржување на состаноци со совети на родители, родителски средби и наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови.<br>▪ Раководниот орган е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество. |
| | Управување и раководење со ресурсите | ▪ Училиштето континуирано ги следи потребите од материјално-технички средства и редовно обезбедува материјални средства.<br>▪ Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети и изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Располага со библиотека која им стои на располагање на сите ученици и вработени. Вкупниот фонд на книги во училишната библиотека изнесува околу 3400 примероци. Работното време на библиотеката им овозможува на учениците да ја користат во одредени периоди за двете смени.Се прават напори да се обезбеди што поголем избор на информативна и стручна литература во училишната библиотека, заради континуирано следење на промените во современата настава од страна на наставниците.Просторијата наменета за библиотека е многу мала и не им овозможува на учениците пријатно место каде |

| | | |
|---|---|---|
| | | можат да читаат и учат во пријатна атмосфера. Се планира нејзино проширување со дел медијатека.<br>▪ За секоја учебна година согласно финасовиот план се подобрува инфраструктурата во училиштето. За учебните 2023-2024 и учебна 2024-2025 беа реализирани поголем број на градежно-занаетчиски активности, набавки и реновирања. Набавени се принтери, лаптопи и компјутери. Врати за училници. Работни униформи и обувки за помошно- техничкиот персонал. Наставни средства и канцелариски материјали. Средства за хигиена. Извршено е молерисување на училници и на делови од ходници.Набавени се лед сијалици, санитарија за тоалети, плафонски плочи во училишната сала и рефлектори во училишната сала. Набавка на клупи и столчиња за сите училници и 10 училишни табли. Саниран е влезот во училиштето со плочки.Набавени се и монтирани завеси во училниците и во канцелариите. Извршена е санација на оградата, изработка на влезна капија и санација на олуци на спортската сала.Извршено е уредување на училишниот двор со грмушки, цвеќиња и зимзелени дрвца. Реновирани се клупите во училишниот двор и санација на летниковец. Набавени се училишни униформи и столици за канцеларии и за наставници. Поставен е под на училница со ламинат и заменети се ПВЦ канали за кабли во училници. Реновирано е детското катче. Исчистени се олуците. Се врши редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација. Се врши редовно косење на тревата и кастрење на гранки, грмушки и дрвја во дворот. Се одржува редовна контрола на системот за греење.<br>▪ Училиштето освен соработката со локалната самоуправа соработува и со МОН сектор-инвестиции. Во подрачја на промени и приоритети се вклучени потребите на училиштето во однос на: училишниот субјект, усовршување на наставата и |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците (техники на предавања, начини на планирање, критериуми за оценување, јавност во оценување, изведување на додатна и дополнителна настава), посебно внимание на тимското работење во функција на развивање на човечкиот потенцијал и изработка на проекти со кои училиштето би конкурирало за грантови, го подига интезитетот и нивото на соработка: со родители, невладин и бизнис сектор.<br>▪ Утврдено е дека училиштето не располага со соодветни училници прилагодени за потребите на учениците од прво одделение и учениците од дневниот престој. Исто така, библиотеката не располага со доволно простор за реализација на својата функција, а канцеларијата за наставниците не е соодветна по големина и функционалност за ефективна работа, соработка и планирање.Се планира проширување на какцитетите на училиштето за непречено функционирање на наставата. |
| | Раководење со кадарот | ▪ Училиштето има соодветен стручен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случај на краткорочно и долгорочно отсуство. На училштето му недостасува стручен соработник -дефектолог.<br>▪ Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси. Бројот на учениците во паралелките е во согласност со нормативите и стандардите.<br>▪ Потребите за професионален развој на наставниот кадар се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и дисеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. Надвор од училиштето, наставниците имаат поддршка за посета на сите бесплатните семинари кои се организираат од страна на МОН и БРО или други институции во соработка со МОН и БРО ( Проект МИО, Проект за модернизација на образованието, еколошки проекти и сл.), но и на семинари кои се со самофинансирање или финансирање од страна на училиштето. Сите наставници редовно ги следат промените во образовниот процес и активно работат на своето професионално усовршување. Целиот наставен кадар се стекна со сертификати согласно критериумите за спроведени активности во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Следејќи ги нормите пропишани со Законот за основно образование, на секој наставник-приправник училиштето му назначува ментор кој му помага преку поддршка со пишани материјали, взаемна посета на часови и анализа и дискусија околу истите, пренесување на лични искуства заради поефикасно спроведување на наставата, консултации околу подготовките за државен испит - изработка на семинарска работа и подготовка на даден час и сл. Исто така, на приправникот секогаш за консултација и совет му стојат на располагање психологот, директорот и останатите колеги со поголемо работно искуство.<br>▪ Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.<br>▪ Училиштето има внатрешни механизи за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. |
| | Следење и унапредување | ▪ Училиштето располага со наставниците по сите наставни предмети, кои се соодветни на работните места. |

| | | |
|---|---|---|
| | на наставниот процес | ▪ Се врши следење на работата на наставниот и ненаставниот кадар и анализирајќи ги нивните успеси со споредбените показатели.<br>▪ Следењето на работата на наставниците во училиштето се врши преку:<br>- посета на часови од страна на директорот и педагошко психолошката служба;<br>- работа на стручни активи, при што се извршуваат меѓусебни консултации и договарања меѓу наставниците или наставниците и директорот и психологот, се одредуваат теми за работа и сл.;<br>- организирање на отворени часови на кои можат да присуствуваат директор, психолог, наставници од истото или гости од друго училиште, се води дискусија по одржувањето на часот и истиот се евидентира како таков;<br>- следење на успехот на учениците, детален и просечен;<br>- консултации со родители околу нивното задоволство од постигањата на нивните деца во училиштето, односно континуирано следење на нивното мислење за квалитетот на наставата и работата на наставниот кадар.<br>Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето, превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот.<br>▪ Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | укажувања од Просветниот инспекторат од Бирото за развој и секоторот за основно образование при МОН.<br>▪ Се реализира и перманентна едукација од БРО, МОН и други надлежни институции.<br>▪ После секоја учебна година следи анализа на резултатите на учениците и одредени наставници и со тоа се градат подрачја на приоритети за воспитно-образовна програма на училиштето од каде произлегуваат задачите за следната учебна година. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Развоен план на училиштето;<br>➢ Годишната програма за работа на училиштето;<br>➢ Интервју со Директорот;<br>➢ Записници од наставнички совет;<br>➢ Записници од совет на родители;<br>➢ Записници од дневници за работа;<br>➢ Записничка книга на Училишен одбор;<br>➢ Анкета со наставници, ученици и родители;<br>➢ Кодекс на однесување на учениците;<br>➢ Кодекс на однесување на наставниците; | Процедури за креирање на училишната политика | ▪ Училишната политика ја креираат директорот, Училишниот одбор, стручен и наставен кадар во согласност со Министерството за образование и Локалната самоуправа и Советот на родители. Училишната политика се креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура и субјектите во училиштето. Сите заинтересирани субјекти се информираат за таквата политика, наставниците преку наставнички совети, учениците преку ученичките заедници и ученички парламент, а родителите преку Советот на родители и родителски средби.<br>▪ Училиштето гради политика на здрава училишна клима. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на родителите. Училиштето има изготвено и Кодекс на однесување на наставниците, каде јасно се дефинирани обврските на сите вработени во училиштето, пред се наставниците.<br>▪ Училиштето постојано и континуирано ги подобрува училишните политики за да го унапреди квалитетот за работа во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Правилник за почитување на куќниот ред Правилник за надомест на штета;<br>➢ Правилник за пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците; | | образованието, младинско учество, намалување на сите видови на насилства во училиштето како и семејното насилство, еднаков пристап до квалитетно образование за сите и антикорупциска едукација на учениците. И сите чинители вклучени во образовниот процес се активно вклучени во активностите за нивно остварување.<br>▪ Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Преку годината учениците за поефикасно реализирање на одредени содржини од наставата се организираат посети на театар, кино, Зоолошка градина, разни музеи и историски локалитети, планетариум, музички фестивали и др. Исто така треба да ја истакнеме и постојаната работа со Сојузот за грижи и воспитување на децата, Народна техника, Спортските друштва кои што егзистираат во околината и оние кои што ја користат училишната спортска сала за изведување на тренинзите и др. Дел од културно-образовните активности во училиштето се реализираат во соработка со населението од локалната средина и преку Детската организација на училиштето, која е основен двигател на сите активности, Ученичкиот парламент, преку организацијата на Црвен Крст, реализацијата на еколошката програма и се превземаат најразлични акции за соработка, а кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина.<br>▪ Училиштето има континуирана соработка со Локалната средина како еден од главните услови за успешно и квалитетно реализирање на бројни активности во склоп со програмата на училиштето и имплементација на проекти.<br><br>- Учество на натпревари по различни предмети на |

| | | |
|---|---|---|
| | | општинско ниво;<br>- Соработка со здружението на училишни психолози;<br>- Соработка со Биро за развој на образованието;<br>- Соработка со Министерството за образование и наука;<br>- Соработка со Државен просветен инспекторат;<br>- Соработка со Поликлиника –Ченто;<br>- Соработка со Црвен крст- Скопје;<br>- Соработка со Меѓаши;<br>- Соработка со одделот за малолетничка деликвенција при МВР;<br>- Соработка со средни училишта ;<br>- Соработка со основачот на основното училиште;<br>- Соработка со Тримакс;<br>- Соработка со Советувалиште за родители и деца при СОС Детско Село;<br>- Соработка со ОУРЦ Иднина – Скопје;<br>- Соработка со Едукативен центар „Арс Ламина“;<br>- Соработка со ЈУ Меѓуопштинки центар за социјална работа.<br>▪ Училиштето има соработка со средни училишта за заедничка работа на проекти<br>▪ Вработените, родителите, учениците и локалната самоуправа активно учествуваат во креирање на мисијата и визијата, начелата и вредностите на училиштето. Преку тимско работење континуирано се врши планирање, реализирање и увид во извршената работа.<br>▪ Во нашето училиште во редовната настава се инволвирани ученици со посебни образовни потреби, наставниците имаат посетено одредени обуки, нивните заложби се доволно поткрепени од страна на стручни лица на оваа проблематика, специјални едукатори рехабилитатори - образовни асистенти. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Може да се каже дека постигнатите резултати се на задоволително ниво.<br>▪ Што се однесува на учениците кои се надарени и талентирани, тие се вклучени во слободните ученички активности и додатна настава кои ги водат одговорните наставници. Талентираните ученици лично се афирмираат но и го претставуваат училиштето преку разни натпревари на кои учествуваат.<br>▪ Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/практичната обука и спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни. Училиштето има воспоставена континуирана соработка за реализирање на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество |
| | Резултати од развојно планирање | ▪ Резултатите од развојното планирање се во согласност со државната и локалната образовна политика, реално се отсликани, јасни,прецизни и ги отсликуваат мисијата и визијата и вредностите на потребите на училиштето. При нивно дефинирање се земени предвид ставовите на директорот, наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница.<br>▪ Училиштето има изготвено акциски планови за остварување на резултатите од поставените цели за следење, спроведување и успешност на реализација на активностите.<br>▪ Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Се става силен акцент на професионалниот развој според потребите на наставниците. Повратните информации од учењето и наставата даваат насоки за постојан професионален развој. Поддршката, исто така се усогласува според училишната визија и поставените цели |

| | |
|---|---|
| | ▪ Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма,а планираните цели се реализираат доследно. |
| Планирање и управување со училишниот буџет | ▪ Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства.Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.<br>▪ Планирањето на финансиските средства е опфатено со Финансовиот план на училиштето и Планот за јавни набавки<br>▪ Постапката за спроведување на финансиското работење се одвива во три етапи:<br>I. Утврдување на потребите;<br>II. Обезбедување финансиски средства (МОН, општина, аплицирање со проекти);<br>III.Спроведување на планираното согласно законски и правни норми.<br>▪ Платите на вработените се обезбедени од страна на Општината, како и материјалните средства за хигиена. Финансиските средства за плаќање на комуналиите и набавка на потрошен канцелариски материјал, како и минимални финансиски средства за набавка на нагледни средства и материјали, исто така ги обезбедува Општината.<br>▪ Финансиските средства за надополнување на библиотечниот фонд се обезбедуваат, во мал дел, преку издавачките куќи кои го обезбедуваат детскиот печат за учениците и со пренамена на финансиски средства за други намени, кои не се искористени.<br>▪ Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално-техничките средства на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ▪ Постои финансов план на училиштето според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Потребите за реализација на успешна настава се задоволени во поглед на материјално-технички средства и нагледни средства.<br>▪ Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, и континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување на истите.Се прават долгорочни планирања кои ќе се реализираат во одреден временски период .<br>▪ Со финансиското работење на училиштето, односно училишниот буџет, приходите и расходите, формално се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето.Сепак резултатите од анкетата укажуваат дека информираноста не е целосна кај сите вработени.<br>▪ **Податок**: Од вкупно 30 анкетирани наставници, 35,7% изјавиле дека се запознаени со финансиското работење на училиштето, 51,1% изјавиле дека се делумно запознаени, додека 7,1% изјавиле дека не се запознаени. Податокот дека 64,2% од анкетираните наставници не се целосно запознаени со финансиското работење укажува на потреба од појасна, поразбирлива и поконкретна презентација на финансиските информации. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Тимот за самоевалуација на подрачјето „Управување, раководење и креирање политика“ го сочинуваат наставници од одделенска и предметна настава. Настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на поставените барања. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти и постоечката документација во училиштето .Органот на управување -Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги следи промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварените цели. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има подготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за |

стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата. Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето, превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот. Потребите за професионален развој на наставниот кадар се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и дисеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. Надвор од училиштето, наставниците имаат поддршка за посета на сите бесплатните семинари кои се организираат од страна на МОН и БРО или други институции во соработка со МОН и БРО, но и на семинари кои се со самофинансирање или финансирање од страна на училиштето. Сите наставници редовно ги следат промените во образовниот процес и активно работат на своето професионално усовршување. Со финансиското работење на училиштето, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето.Финансовиот план на училиштето го донесува Училишниот одбор, по предлог на директорот, а го одобрува Општината. Користењето на материјално финансиските средства е транспарентно и законски поддржано, по потреби утврдени и поддржани од страна на сите субјекти во училиштето и со задолжително информирање на Училишниот одбор и советот на родители. И покра бројките силни страни во подрачето ,,Управување, раководење и креирање политика, анализата на прибраните податоци укажува и на одредени слабости кои влијаат врз квалитетот на целокупното функционирање на училиштето и претставуват основа за идно развојно планирање. В
Во делот на инклузивното образование, констатирано е дека наставниците немаат во целост доволна стручна подготвеност за работа со деца со посебни образовни потреби, особено во однос на планирањето и реализацијата на соодветни пролагодувања во наставата. Оваа состојба е дополнително условена од фактот дека училиштето нема постојано вработен

| |
|---|
| специјален едукатор и рехабулитатор, што го ограничува обезбедувањето континуирана и стручна поддршка за учениците, наставниците и родителите. Анализата на материјално-техничките и просторните услови укажува дека училиштето не располага со соодветни училници за ученици од прво одделение и учениците од дневен престој, дека постои потреба од поголем и функционален простор за библиотеката, како и од поголема канцеларија за наставниците, што би овозможило подобри услови за работа. Во делот на управувањето и финансиското работење, иако финансиските процеси се реализираат согласно законските прописи, констатирана е потреба од поголема запознаеност на наставниците со буџетот, приходите и расходите на училиштето, како и со приоритетите за инвестирање, со цел нивно поактивно вклучување во процесите на планирање и носење одлуки.<br>Во однос на соработката со родителите и нивната вклученост во управувањето утврдено е дека родителите не се доволно информирани за одлуките на Училишниот одбор преку своите претставници во Советот на родители, што укажува на потреба од унапредување на комуникацијата и протокот на информации. |
| **Силни страни**<br>▪ Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето и со истата се запознаени сите чинители на образовниот процес<br>▪ Соработка на Директорот со стручниот тим во Училиштето, УО и локалната средина;<br>▪ Директорот соработува со наставниците, родителите и учениците;<br>▪ Директорот успешно соработува со сите субјекти, органи, тела и институции кои се надлежни и можат да дадат удел за развој на воспитно-образовниот процес;<br>▪ Училиштето има јасна мисија и визија која се фокусира на подобрување на квалитетот на наставата, подршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција, младинско учество и унапредување на постигањата на сите ученици.<br>▪ Училиштето ги стимулира и мотивира учениците, најчесто со јавни пофалба;<br>▪ Училиштето им помага на учениците кои имаат семејни, здравствени, социо-економски и слични проблеми преку педагошко-психолошката служба, стручниот тим и другите субјекти во училиштето;<br>▪ Училиштето има јасен план и распоред и оптимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности;<br>▪ Обезбедување на доволно потрошен материјал за наставниците и целиот персонал;<br>▪ Учество на наставниот кадар во сите проекти подржани од страна на МОН и БРО;<br>▪ Почитување на законската регулатива при финансиското работење на училиштето; |

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>▪ Наставниците не се доволно стручно подготвени за работа со деца со посебни потреби;<br>▪ Нема постојано вработен специјален едукатор и рехабилитатор- дефектолог<br>▪ Нема соодветни училници за учениците од прво одделение и учениците од Дневен престој, поголем простор за библиотека, поголема канцеларија за наставници;<br>▪ Поголема запознаеност на наставниците со финансиското работење (буџет, приходи и расходи и приоритети за инвестирање) на училиштето.<br>▪ Родителите не се доволно информирани за одлуките на Училишниот одбор преку нивните претставници во Советот на родители |
| **Приоритети**<br>▪ Да се обезбеди соодветен простор- училници за учениците од прво одделение и Дневен престој**.** , поголем простор за библиотека, поголема канцеларија за наставници<br>▪ Обуки за наставниците за работа со деца со посебни потреби<br>▪ Постојано вработен специјален едукатор и рехабилитатор- дефектолог |

**<u>Членови на тимот на Подрачје 4:</u>**

1. Годрана Јакимовска – одделенски наставник (одговорно лице)
2. Елена Арсовска – одделенски наставник
3. Марија Лозановска – предметен наставник
4. Филип Ацевски – предметен наставник

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| АНКЕТА ЗА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје 1**<br>**Вкупно анкетирани: 31 родител**<br>Прашања: | | **Секогаш** | **Понекогаш** | **Никогаш** |
| 1. | Дали вашето дете со задоволство оди на училиште | **88,57%** | **11,42%** | **0%** |
| 2. | Дали наставниците ги поттикнуваат учениците на самостојност? | **80%** | **20%** | **0%** |
| 3. | Дали вашето дете зборува позитивно за наставата? | **94,28%** | **5,71%** | **0%** |
| 4. | Дали училиштето создава позитивна атмосфера за учење? | **74,3%** | **20%** | **5,71%** |
| 5. | Дали сте информирани за напредокот на вашето дете? | **94,28%** | **5,71%** | **0%** |
| 6. | Дали оценките реално го прикажуваат знаењето на вашето дете? | **51,14%** | **42,86%** | **0%** |
| 7. | Дали наставниците навремено ве информираат за оценките? | **88,57%** | **11,42%** | **0%** |
| 8. | Дали училиштето обезбедува можност за разговор за оценувањето? | **74,3%** | **20%** | **5,71%** |
| **Подрачје 2**<br>**Вкупно анкетирани: 30 родители**<br>Тврдења | | **Секогаш** | **Често** | **Понекогаш** |
| 1. | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | **60%** | **20%** | **20%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | **56,7%** | **16,7%** | **26,7%** |
| 5. | Дали сметате дека училиштето се грижи за безбедноста и сигурноста на учениците | **63,3%** | **20%** | **16,7%** |
| 7. | Дали училиштето ги поттикнува сите ученици подеднакво да ги развијат своите потенцијали? | **63,3%** | **16,7%** | **20%** |
| 3. | Континуирано сум информиран/а за редовноста и постигнувањата на моето дете | **Да** | **Не** | **Не сум сигурен/на** |
| | | **96,7%** | **3,3%** | **0%** |
| 4. | На моето дете му е овозможена додатна/дополнителна настава по потреба | **Секогаш** | **Понекогаш** | **Никогаш** |
| | | **53,3%** | **16,7%** | **30%** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Што најмногу придонесува ученикот да не ја повторува годината? | **Недоволна ангажираност на ученикот** | **66,7 %** |
| | | **Недоволна ангажираност на наставникот** | **6,7%** |
| | | **Недоволна ангажираност (незаинтересираност) на родителот** | **16,7 %** |
| | | **Несоодветни и тешки содржини за усвојување** | **10%** |

| **<u>Подрачје 3</u>** **Вкупно анкетирани: 30 родители** Тврдења: | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Запозна/а сум со кодексот на однесување во училиштето | **44,7%** | **50,7%** | **4%** | **0%** | **0,7%** |
| 2. | Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување | **16%** | **38%** | **18%** | **6,7%** | **21,3%** |
| 3. | Моето дете е прифатено и почитувано од наставници | **57,3%** | **39,3%** | **2,7%** | **0%** | **0,7%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците | **42%** | **44%** | **9,3%** | **2%** | **2,7%** |
| 5. | Моето дете сака да оди на училиште | **50%** | **46%** | **4%** | **0%** | **0%** |
| 6. | Училиштето добро се справува со дисциплината | **31,3%** | **43,3%** | **16%** | **3,3%** | **6%** |
| 7. | Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата организирани од училиштето | **12%** | **26,7%** | **26%** | **5,3%** | **30%** |
| 8. | Моето дете, во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици | **54,7%** | **42%** | **0,7%** | **0%** | **2,7%** |
| 9. | Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици | **49,3%** | **34,7%** | **6,7%** | **3,3%** | **6%** |
| 10. | Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго | **62%** | **33,3%** | **2,7%** | **1,3%** | **0,7%** |
| 11. | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | **30,7%** | **35,3%** | **8%** | **1,3%** | **24,7%** |
| 12. | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | **21,3%** | **38,7%** | **11,3%** | **4%** | **24,7%** |
| 13. | Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство | **21,3%** | **32,7%** | **14%** | **5,3%** | **26,7%** |
| 14. | Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | **23,3%** | **34%** | **6,7%** | **0,7%** | **35,3%** |
| 15. | Училиштето добро се справува | **18,7%** | **34%** | **7,3%** | **1,3%** | **38,7%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | при појава на насилство | | | | | |
| 16. | Во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | **14,7%** | **24%** | **3,3%** | **1,3%** | **56,7%** |
| 17. | Хигиената во училиштето е на виисоко ниво | **18%** | **50%** | **14,7%** | **6%** | **11,3%** |
| 18. | Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете | **34%** | **58%** | **2,7%** | **0,7%** | **4,7%** |
| 19. | Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете | **29,3%** | **47,3%** | **15,3%** | **1,3%** | **6,7%** |
| 20. | Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | **18,7%** | **28,7%** | **6,7%** | **2%** | **44%** |

| **Подрачје 4**<br>**Вкупно анкетирани: 30 родители**<br>Прашања: | | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Делумно се согласувам** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Информирани сме за донесените одлуки во училиштето (преку Совет на родители, родителски средби) | **70%** | **0%** | **30%** |
| 2. | Се почитуваат нашите сугестии, предлози и идеи при донесувањето на важни одлуки и решенија во училиштето | **80%** | **0%** | **20%** |
| 3. | Редовно сме информирани за постигањата на учениците преку евидентни листови, е-дневник, родителски средби, приемни и денови за консултации | **100%** | **0%** | **0%** |
| 4. | За одлуките на Училишниот одбор сме информирани преку нашите претставници во Советот на родители | **55,6%** | **22.2%** | **22.2%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | **90%** | **0%** | **10%** |
| 6. | Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | **60%** | **10%** | **30%** |
| **АНКЕТА ЗА НАСТАВНИЦИ** | | | | |
| **<u>Подрачје 1</u>**<br>**Вкупно анкетирани: 30 наставници**<br>Прашања: | | **Секогаш** | **Понекогаш** | **Никогаш** |
| 1. | Дали редовно изработувате годишни и месечни планови? | **100%** | **0%** | **0%** |
| 2. | Дали ги усогласувате плановите со наставните програми? | **100%** | **0%** | **0%** |
| 3. | Колку често ги ревидирате плановите според потребите на учениците? | **73,3%** | **26,6%** | **0%** |
| 4. | Дали планирате активности за различни стилови на учење? | **73,3%** | **26,6** | **0%** |
| 5. | Дали сметате дека имате доволно време за квалитетно планирање? | **26,6%** | **73,3%** | **0%** |
| 6. | Дали приметнувате активни методи на работа (дискусија, проекти, истражувања)? | **86,6%** | **13,3%** | **0%** |
| 7. | Дали користите ИКТ и современи наставни средства? | **76,6%** | **23,3%** | **0%** |
| 8. | Дали ја приспособувате наставата според различни способности? | **86,6%** | **13,3%** | **0%** |
| 9. | Дали поттикнувате критичко размислување и креативност? | **100%** | **0%** | **0%** |
| 10. | Дали им овозможувате на учениците да изразат мислење за наставата? | **86,6%** | **13,3%** | **0%** |
| 11. | Дали ги поттикнувате учениците на самостојно учење? | **100%** | **0%** | **0%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Дали ги охрабрувате учениците кога грешат? | **100%** | **0%** | **0%** |
| 13. | Дали ги прилагодувате активностите според интересите на учениците? | **100%** | **0%** | **0%** |
| 14. | Дали применувате различни форми на оценување (усно, писмено, проектно)? | **86,6%** | **13,3%** | **0%** |
| 15. | Дали им давате повратна информација на учениците за нивниот напредок? | **86,6%** | **13,3%** | **0%** |
| 16. | Дали оценувањето е објективно и транспарентно? | **100%** | **0%** | **0%** |
| 17. | Дали ги информирате учениците за критериумите на оценување? | **100%** | **0%** | **0%** |
| **<u>Подрачје 2</u>** **Вкупно анкетирани: 30 наставници** Прашања | | **Секогаш** | **Понекогаш** | **Никогаш** |
| 1. | Успеавам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето | **86,66%** | **13,33%** | **0%** |
| 2. | Успевам да ги идентификувам надарените ученици | **96,66%** | **3,33%** | **0%** |
| 3. | Дали ги следите постигањата на учениците и нивното подобрување Од различен пол по наставни предмети | **60%** | **13,33%** | **26,6%** |
| | На учениците со тешкотии во учењето | **76,66%** | **20%** | **3,3%** |
| | На надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби | **76,66%** | **16,66%** | **6,66%** |
| 4. | На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во | **83,33%** | **16,66%** | **0%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | учењето? | | | |
| 5. | Дали оценувањето во училиште е:<br>реално | **66,66%** | **33,33%** | **0%** |
| | објективно | **56,66%** | **40%** | **3,33%** |
| | мотивирачко | **76,66%** | **23,33%** | **0%** |
| 6. | Дали оценувањето во училиште се разликува од наставник до наставник | **50%** | **46,66%** | **3,33%** |
| | предмет до предмет | **53,33%** | **46,66%** | **0%** |
| | паралека до паралелка | **30%** | **53,33%** | **16,66%** |
| 7. | Дали сметате дека оценувањето по вашиот предмет е<br>реално | **76,66%** | **0%** | **често**<br>**23,33%** |
| | објективно | **66,66%** | **3,33%** | **често**<br>**30%** |
| | мотивирачко | **70%** | **6,66%** | **често**<br>**23,33%** |
| 8. | Дали постигањата и подобрувањата ка учениците зависат од<br>а) јасно разбирливо предадените наставни содржини | **86,66%** | **13,33%** | **0%** |
| | б) современи надгледни и наставни средства помагала кои се користат во наставата | **70%** | **23,33%** | **6,66%** |
| | в) примента на ИКТ | **46,66%** | **46,66%** | **6,66%** |
| | г) дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности | **33,33%** | **60%** | **6,66%** |
| | д) од редовната соработка со родителите | **76,66%** | **20%** | **3,33%** |
| | ѓ) од вашиот однос кон учениците | **86,66%** | **10%** | **3,33%** |
| | е) домашните услови за учење | **56,66%** | **33,33%** | **10%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ж) односите во нивните семејства | **60%** | **30%** | **10%** |
| | з) улицата, телевизијата, вонннаставни активности, компјутерите | **50%** | **40%** | **10%** |

| **<u>Подрачје 3</u>** **Вкупно анкетирани: 30 наставници** <u>Тврдења</u> | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Учествувам во изработка/ажурирање на кодексот на однесување во училиштето | **29,2%** | **50%** | **18,8%** | **2,1%** | **0%** |
| 2. | Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување | **27,1%** | **54,2%** | **18,8%** | **0%** | **0%** |
| 3. | Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка | **35,4%** | **47,9%** | **14,6%** | **2,1%** | **0%** |
| 4. | За време на моите часови има добра работна атмосфера | **60,4%** | **37,5%** | **0%** | **0%** | **2,1%** |
| 5. | Добро соработувам со колегите во училиштето | **54,2%** | **65,8%** | **0%** | **0%** | **0%** |
| 6. | Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | **56,3%** | **41,7%** | **2,1%** | **0%** | **0%** |
| 7. | Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство | **43,8%** | **47,9%** | **4,2%** | **0%** | **4,2%** |
| 8. | Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес | **60,4%** | **39,6%** | **0%** | **0%** | **0%** |
| 9. | Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата | **14,6%** | **45,8%** | **25%** | **6,3%** | **8,3%** |
| 10. | На учениците им укажувам на различни механизми за заштита | **21,7%** | **70,8%** | **0%** | **0%** | **2,1%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | на нивните права кои постојат во училиштето | | | | | |
| 11. | Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман | **45,8%** | **52,1%** | **2,1%** | **0%** | **0%** |
| 12. | Различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучувам во училишните активности | **47,9%** | **52,1%** | **0%** | **0%** | **0%** |
| 13. | Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето | **31,3%** | **54,2%** | **10,2%** | **0%** | **4,2%** |
| 14. | Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес | **29,2%** | **66,7%** | **2,1%** | **2,1%** | **0%** |
| 15 | Учествувам во спроведувањето на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата | **33,3%** | **54,2%** | **8,3%** | **0%** | **4,2%** |
| 16. | Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога | **20%** | **50%** | **14,6%** | **2,1%** | **12,5%** |
| 17. | Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите | **39,6%** | **50%** | **2,1%** | **2,1%** | **6,3%** |

| **<u>Подрачје 4</u>**<br>**Вкупно анкетирани: 30 наставници**<br>Прашања | | **Да** | **Не** | **Делумно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање | **71,4%** | **0** | **28,6%** |
| 2. | Во улилиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, | **78,6%** | **7.1%** | **14.3%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | учениците и родителите при донесувањето одлуки | | | |
| 3. | Дали сте запознаени со куќниот ред на улилиштето? | **100%** | **0** | **0** |
| 4. | Дали сте запознаени со Годишната програма? | **100%** | **0** | **0** |
| 5. | Предлозите на наставниците се прифаќаат и стануваат дел од Годишната програма | **76,9%** | **7,7%** | **15,4%** |
| 6. | Дали сте информирани за донесените одлуки во училиштето (Наставнички совет, директорот, У.О)? | **78,6%** | **0** | **21,4%** |
| 7. | Вашите предлози се прифаќаат од страна на директорот и У.О | **57.1%** | **7.1%** | **35.7%** |
| 8. | За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се законски и интерни правилници за изрекување казни и пофалби | **85,7%** | **0%** | **14,3%** |
| 9. | Донесените одлуки на У.О се објавуваат транспарентно | **85,7%** | **0%** | **14,3%** |
| 10. | Училиштето планира и ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности | **100%** | **0%** | **0%** |
| 11. | Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | **85,7%** | **7.1%** | **7.1%** |
| 12. | Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | **92.9%** | **0%** | **7.1%** |
| 13. | За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | **98.9%** | **0%** | **7.1%** |
| 14. | Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршам | **71.4%** | **7.1%** | **21.4%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | **64.3%** | **7.1%** | **28.6%** |
| 16. | Училиштето (преку Совет на родители, родителски средби, Наставнички совети) ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на поставените цели, земајќи ги во предив нивните предлози и ставови | **78.6%** | **0%** | **21.4%** |
| 17. | Запознаени сме со финансиското работење (буџет, приходи и расходи и приоритети за инвестирање) на училиштето | **35.7%** | **7.1%** | **57.1%** |
| **АНКЕТА ЗА УЧЕНИЦИ** | | | | |
| **<u>Подрачје 1</u>**<br>**Вкупен анкетирани: 30 ученици**<br>Прашања: | | **Секогаш** | **Понекогаш** | **Никогаш** |
| 1. | Дали наставниците те охрабруваат да поставуваш прашања? | **100%** | **0%** | **0%** |
| 2. | Дали имаш можност сам да избираш како ќе учиш? | **40%** | **30%** | **30%** |
| 3. | Дали чувствуваш дека твоето мислење се почитува? | **40%** | **60%** | **0%** |
| 4. | Дали наставата ти помага да размислуваш креативно? | **60%** | **40%** | **0%** |
| 5. | Дали знаеш според што те оценуваат наставниците? | **80%** | **20%** | **0%** |
| 6. | Дали добиваш објаснување за својата оценка? | **80%** | **20%** | **0%** |
| 7. | Дали мислиш дека оценките се праведни? | **70%** | **30%** | **0%** |
| 8. | Дали добиваш совети како да се подобриш? | **90%** | **10%** | **0%** |
| **<u>Подрачје 2</u>** | | **Секогаш** | **Често** | **Понекогаш** |

| Вкупно анкетирани: 30 ученици | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Дали во училиштето имате додатна/дополнителна настава за учениците кои напредуваат во учењето? | **43,33%** | **3,33%** | **53,33%** |
| 2. | Дали наставниците еднакво се однесуваат кон постигнувањата на учениците без разлика на пол и етничка припадносрт | **76,67%** | **6,67%** | **16,67%** |
| 3. | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште | **76,67%** | **Никогаш**<br>**0%** | **23,33%** |
| 4. | Дали сметаш дека оценувањето е реално по сите предмети | **66,67%** | **Никогаш**<br>**3,33%** | **30%** |
| 5. | Дали во наставата се користи самооценување на учениците | **13,33%** | **30%** | **56,67%** |
| 6. | Дали при оценувањето се зема во предвид мислењето на учениците? | **43,33%** | **36,67%** | **20%** |
| 7. | Дали наставниците се трудат да ги подобрат знаењата на учениците | **83,33%** | **10%** | **6,67%** |
| 8. | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | **80%** | **Никогаш**<br>**3,33%** | **16,67%** |

| **Подрачје 3**<br>**Вкупно анкетирани: 30 ученици**<br>Тврдења: | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно | **42,5%** | **44,8%** | **10,4%** | **1,5%** | **0,7%** |
| 2. | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици | **43,3%** | **48,5%** | **5,2%** | **2,2%** | **0,7%** |
| 3. | Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците | **44%** | **42,5%** | **8,2%** | **3%** | **2,2%** |
| 4. | Сакам да одам на училиште | **32,1%** | **39,6%** | **10,4%** | **13,4%** | **4,5%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми | **33,6%** | **41%** | **14,2%** | **4,5%** | **6,7%** |
| 6. | Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме | **33,6%** | **41,8%** | **11,9%** | **7,5%** | **5,2%** |
| 7. | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училишта | **50,7%** | **37,3%** | **3,7%** | **0,7%** | **7,5%** |
| 8. | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици | **41%** | **33,6%** | **11,9%** | **10,4%** | **3%** |
| 9. | Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици | **43,3%** | **43,3%** | **7,5%** | **2,2%** | **3,7%** |
| 10. | Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. Поставување прашања, презентирање, одговоарање) како и другите ученици. | **51,5%** | **41,8%** | **3%** | **3%** | **0,7%** |
| 11. | Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подбрување на работата на училиштето | **23,9%** | **37,3%** | **11,2%** | **4,5%** | **23,1%** |
| 12. | Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права | **36,6%** | **48,5%** | **2,2%** | **3%** | **9,7%** |
| 13. | Кога имам потреба од помош, ,можам  да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник | **50,7%** | **39,6%** | **3%** | **3,7%** | **3%** |
| 14. | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето | **41%** | **44%** | **5,2%** | **1,5%** | **8,2%** |
| 15. | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем | **29,9%** | **52,2%** | **9,7%** | **1,5%** | **6,7%** |
| 16. | Знам како треба да постапам ако | **44,89%** | **42,5%** | **3%** | **3%** | **6,7%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето | | | | | |
| 17. | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство | **47%** | **40.3%** | **6%** | **4,5%** | **2,2%** |
| 18. | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства | **17,9%** | **22,4%** | **23,1%** | **7,5%** | **29,1%** |
| 19. | Училиштето е чисто и уредно | **24,6%** | **43,3%** | **20,1%** | **10,4%** | **1,5%** |

| **Подрачје 4**<br>**Вкупно анкетирани: 30 ученици:**<br>Прашања и искази: | | **Да** | **Не** | **Делумно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период | **66.7%** | **0%** | **33.3%** |
| 2. | Учествувам во донесувањето на одлуки во училиштето | **50%** | **25%** | **25%** |
| 3. | Задоволен/а сум од изрекувањето на педагошките мерки (укор, усна и писмена опомена...) за учениците кои покажуваат насилничко однесување | **33,3%** | **33.3%** | **33.3%** |
| 4. | Постои взаемно почитување помеѓу наставниците и учениците | **58.3%** | **8.3%** | **33.3%** |
| 5. | Наставниците ги почитуваат Вашите идеи, мислења, ставови и сугестии | **66.7%** | **8.3%** | **25%** |
| 6. | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време | **91.7%** | **0%** | **8.3%** |
| 7. | Библиотеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера | **83.3%** | **8.3%** | **8.3%** |

**АНКЕТА СО ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШЕН ОДБОР**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **<u>Подрачје 4</u>**<br>**Вкупно анкетирани:**<br>Прашања и искази | | **Да** | **Не** | **Делумно** |
| 1. | Членовите на У.О се залагаат да има правична застапеност според полот и етничката структура во раководните органи | **100%** | **0%** | **0%** |
| 2. | Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на У.О | **100%** | **0%** | **0%** |
| 3. | Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на У.О | **100%** | **0%** | **0%** |
| 4. | За потребите и барањата на учениците членовите се запознаени од јавно презентирање на состаноците | **100%** | **0%** | **0%** |
| 5. | За проблемите во училиштето членовите на У.О дознаваат од раководниот тим кои се презентирани на состаноците на У.О | **100%** | **0%** | **0%** |
| 6. | Родителите се информирани за одлуките на У.О преку нивните состаноци | **50%** | **0%** | **50%** |
| 7. | Предлозите на родителите влијаат врз одлуките на У.О доколку за тоа има реална основа | **100%** | **0%** | **0%** |

**РЕЗИМЕ (ГЛАВНИ НАОДИ) ОД ИНТЕРВЈУА СО ДИРЕКТОР/СТРУЧНА СЛУЖБА**

**<u>Подрачје 2:</u>**

Од разговорите со стручната служба и директорот произлегува дека училиштето систематски и континуирано прибира податоци за постигнувањата

на учениците во текот на целата учебна година. Следењето на успехот се врши во сите квалификациони периоди – на почетокот на учебната година, по завршување на тримесечјата, на полугодие и на крајот од учебната година. Податоците се анализираат по паралелки, при што се земаат предвид полот и националната припадност на учениците. Бидејќи наставата се реализира исклучиво на македонски јазик, не се врши поделба по јазик на наставата. Врз основа на овие анализи се изготвуваат извештаи за успехот, кои претставуваат основа за понатамошно планирање на мерки за подобрување на постигнувањата.

Податоците добиени од анализата на успехот активно се користат за унапредување на наставниот процес. Во случаи кога се евидентираат пониски резултати по одредени наставни предмети, училиштето презема низа мерки, како што се организирање на дополнителна настава, групни вежби и индивидуални консултации. Наставниците континуирано ја следат работата на учениците и ја приспособуваат наставата според нивните потреби и можности.

Посебно внимание се посветува на учениците кои имаат намален успех или повеќе слаби оценки. За овие ученици, како и за нивните родители, се организираат советувања од страна на училишниот психолог, со цел навремено да се идентификуваат причините за потешкотиите и да се обезбеди соодветна поддршка. Овие активности придонесуваат кон подобрување на постигањата и поголема вклученост на учениците во наставниот процес.

Идентификацијата на учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост се врши преку континуирано набљудување од страна на наставниците, анализа на резултатите од тестирања и домашни задачи, како и преку информации добиени од родителите и официјални извештаи од релевантни стручни тела. За учениците со попреченост се изработуваат индивидуални образовни планови или модифицирани програми, а поддршката се обезбедува преку инклузивниот тим и образовните асистенти. Учениците со тешкотии во учењето добиваат индивидуална или групна поддршка преку дополнителна настава и активности прилагодени на нивните можности. Надарените ученици, иако не се опфатени со формализирана процедура за идентификација, се препознаваат и се поттикнуваат преку наставниот процес и дополнителни активности.

Во однос на редовноста на учениците, најголем дел од учениците редовно ја посетуваат наставата, а поголемиот дел од отсуствата се оправдани од страна на родителите или старателите. Податоците за изостаноци укажуваат на значително намалување на неоправданите изостаноци во учебната 2024/2025 година во споредба со претходната учебна година, што упатува на подобрена соработка со родителите и поефикасни превентивни мерки. За учениците кои покажуваат нередовност, училиштето презема навремени активности преку известување на родителите, индивидуални разговори и советувања со училишниот психолог.

Советувањата со родители и ученици се реализираат по претходно упатена

| | | |
|---|---|---|
| покана и најчесто се спроведуваат по завршување на секој квалификационен период. Советувањата се индивидуални за родителите, додека за учениците често се организираат групни средби кога станува збор за ист проблем или потреба. Според проценката на стручната служба, овие советувања имаат позитивен ефект врз подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците, што укажува на значајната улога на стручната служба во унапредувањето на воспитно-образовниот процес.<br>Во целина, од интервјуто може да се заклучи дека училиштето има воспоставено функционален систем за следење на постигнувањата на учениците и преземање соодветни мерки за поддршка, при што особено значајна улога има соработката меѓу наставниот кадар, стручната служба и родителите. Останува простор за понатамошно унапредување, особено во делот на формализирање на процедурите за идентификација на надарени ученици и вклучување на училиштето во пошироки надворешни оценувања. | | |
| **ПРАШАЊА** | | **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ** |
| 1. | Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди | Училиштето собира информации тековно на почетокот, после тримесечијатам на полугодие и на крај од учебна година. Училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците во сите квалификациони периоди, наставата е исклучиво на македонски јазик па затоа не се прави поделба по јазик. На полугодие и на крај од годината се изготвуваат извештаи за успехот по паралелки по пол и националност. |
| 2. | Како постапувате по наодите? Што се превзема за подобрување на евентуалните недостатоци (на пр. Ниски постигања по определени предмети) | Податоците за успехот служат како основа за превземање мерки за поддршка на учениците за подобрување на постигнувањата. Кога се забележуваат пониски резултати по одредени предмети се одржуваат дополнителни часови, групни вежби или индивидуални консултации. Наставниците ја следат работата на учениците и ја приспособуваат наставата според потребите на учениците. Родителите на учениците како и учениците кои имаат намален успех или три или повеќе слаби оцени се повикуваат на советување од страна |

| | | |
|---|---|---|
| | | на училишниот психолог. |
| 3. | Доколку училиштето било вклучено во државно тестирање/меѓународно оценување, колку сте задоволни од резултатите (доколку постигањата на ниво на училиште се ниски) Што планирате да превземете | Училиштето не било вклучено во меѓународно тестирање |
| 4. | Кои се процедурите за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост ? Каква поддршка добиваат учениците за подобрување на постигањата? | Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост е препознаваат преку набљудување од страна на наставниците, резултати од тестови и домашни задачи, информации добиени од родителит, официјални документи/извештаи од стручни тела. Надарените ученици главно се препознаваат преку набљудување на нивниот интерес и напредок од страна на наставниците. Засега училиштето нема формализирани процедури за нивна идентификација, но овие ученици се следат преку наставниот процес и се овозможуваат за нив. За учениците со попреченост се изработува ИОП или модифицирана програма и истите добиваат поддршка од инклузивниот тим за ученик и образовен асистент. Учениците со потешкотии во учењето добиваат инфивидуална или групна поддршка, дополнителни часови и активности прилагодени на нивните можности. |
| 4. | Колку сте задоволни од редовноста на учениците? Кои мерки се превземаат за учениците кои се нередовни? | Најголем дел од учениците се редовни на настава, малку отсуствуваат од часови, но нивното отсуство е оправдано од родител/старател.<br>Во учебната 2023/2024 година имало 5650 оправдани и 1082 неоправдани изостанови, додека во учебната 2024/2025 година имало 8137 оправдани и само 76 неоправдани изостаноци. За |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците кои се нередовни се превземаат следните мерки: наставниците навремено ги известуваат родителите за редовноста на нивното дете, спроведуваат разговори за утврдување на причините за нередовност на ученикот. Доколку ученикот има 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци неговиот родител/старател се повикува на советување кај психологот. |
| 5. | Како се спроведуваат советувањата на родители и ученици? Како би ги процениле ефектите од советувањата врз подобрувањае на редовноста, успехот и однесувањето? | Советувањата се реализираат со претходно упатена покана до родителот. Најчесто советувањата се инфивидуални за родителите а групни за учениците кои се на советување по ист основ, Средбите се одржуваат после секој квалификационен период. По советувањето се забележува подобрување на редовноста, успехот и поведението. |

**Подрачје 3:**

Од спроведеното интервју произлегува дека училиштето е препознатливо во локалната средина по својот квалитет, иновативност и отвореност кон современи образовни предизвици, како и по создавањето безбедна и поддржувачка средина која овозможува високи ученички постигнувања. Постигањата на учениците и училиштето редовно се промовираат преку веб-страницата на училиштето, каналите на општината и соодветни признанија, а училиштето се афирмира и преку бројни воннаставни активности, проекти, спортски и хуманитарни настани, како и значителни успеси на локално, регионално и државно ниво.

Кодексот на однесување е донесен со учество на сите релевантни чинители (вработени и ученици) и се практикува негово ажурирање. Придржувањето кон правилата е на задоволително ниво, а во случаи на непридржување се применуваат соодветни педагошки мерки за учениците и дисциплински мерки за вработените.

Генералната клима во училиштето е позитивна и поттикнувачка. Соработката помеѓу наставниот и стручниот кадар е задоволителна, а појавите на закани, говор на омраза и навреди се исклучително ретки и соодветно се третираат. Воочена е потреба од понатамошно јакнење на работната дисциплина кај учениците, особено во однос на користењето мобилни уреди, меѓусебното почитување и грижата за училишниот инвентар.

| | | |
|---|---|---|
| Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител активно функционираат и реализираат хуманитарни, едукативни и организациски активности. Претставници на Ученичкиот парламент повремено учествуваат на состаноци на управните и советодавните тела, а учениците најчесто се обраќаат до Ученикот правобранител за прашања поврзани со почитување на нивните потреби и мислења.<br><br>Училиштето остварува континуирана и конструктивна соработка со родителите, преку нивна вклученост во проекти, настани, донации и иницијативи за подобрување на училишната средина. Истовремено, постои активна соработка со локалната заедница и релевантни институции преку заеднички проекти, културни, спортски и хуманитарни активности.<br><br>Редовно се реализираат работилници за превенција од пушење, алкохол и дрога, со учество на надворешни стручни лица, при што се забележуваат позитивни ефекти во подигнувањето на свеста кај учениците. Училиштето систематски работи на промоција на детските права, еднаков и правичен третман и превенција од насилство преку интерактивни активности, работилници и вклучување на стручната служба, што резултира со подобрена комуникација и односи меѓу учениците.<br><br>Посебно внимание се посветува на учениците од социјално загрозени семејства преку индивидуален пристап, хуманитарни активности и нивно целосно вклучување во животот на училиштето. За учениците кои подолго време отсуствуваат поради здравствени причини се обезбедува континуитет во наставата преку доставување материјали, онлајн настава и постепена адаптација по нивното враќање.<br><br>Учениците слободно и со доверба се обраќаат до стручната служба, а училиштето редовно спроведува активности за социо-емоционално учење, вклучени во Годишната програма. Процесот на професионална ориентација е систематски организиран преку работилници и индивидуално следење на учениците од завршните одделенија. | | |
| **<u>ПРАШАЊА</u>** | | **<u>ОБРАЗЛОЖЕНИЕ</u>** |
| 1. | По што е препознатливо вашето училиште во локалната средина?<br>а. Како ги промовирате постигањата?<br>б. Со какви вонnаставни активности се афирмирате? | По квалитетот, издржливоста, иновативноста, прифаќање на модерните и нови форми на предизвици, како и безбедно и сигурно училиште кое овозможува високи достигнувања.<br>Постигањата се промовираат преку веб – сајтот на училиштето, страната на Општината, пофалници и благодарници.<br>Се афирмираме со проекти, спортски |

| | | |
|---|---|---|
| | | достигнувања, хуманитарни настани, голем број награди на локално, регионално и државно ниво, |
| 2. | Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?<br>а. Кој се учествувал во процесот? Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?<br>Колку различните чинители се придружуваат на поставените правила и кои се последиците од непридржување? | Сите вработени, ученици и наставниците учествувааат во процесот на донесување на Кодексот на однесување на училиштето и се практикува ажурирање на содржината.<br>Делумно задоволително се придржуваат сите чинители на поставените правила. Санкциите се педагошки мерки за учениците и дисциплински мерки за вработените |
| 3. | Како би ја опишале генералната клима во училиштето?<br>а. Како ја проценувате соработката помеѓу кадарот?<br>б. Колку според вас, во училиштето се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл.? Како се постапува по иститие<br>в. Колку средината е поттикнувачка за учемниците?<br>г. Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите? | Соработката помеѓу кадарот задоволува. Закани, говор на омраза провокации и навреди се случуваат исклучително во ретки случаеви. Средината е поттикнувачка за учениците.<br>Потребна е поголема свесност кај учениците за работа и употребата на мобилните уреди, меѓусебно почитување на возрасните и културен однос кон сите, како и одржување на училишниот инвентар, |
| 4. | Како функционира Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител?<br>а. Какви активности спроведуваат?<br>б. Колку Ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители?<br>в. Колку учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител и за кои теми? | Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител спроведуваат хуманитарни активности, организирање на полуматура, одржување на училишниот двор, акции по повод Нова година, 8ми Март, Велигден и друго. Неколку пати во текот на учебната година се поканува Учиничкиот парламент на присутвува на состаноците.<br>Учениците се обраќат кај Ученичкиот правобранител за почитување на нивните потреби и искажување на нивното мислење од страна на наставниците. |
| 5. | Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите? | Вклученост на родителите во проектни активности, во активности за Денот на |

| | | |
|---|---|---|
| | а. Наведете примери на активности и резултати од истите<br>б. Примери на поддржани иницијативи на родителите | училиштето, во различни донации за училиштето, активни предлози за подобрување на уредување на училишниот двор. |
| 6. | Како училиштето соработува со заедницата?<br>а. Наведете примери на активности и резултати од истите | Заедно се соработува и се поддржуваат проекти кои се од заеднички интерес и афирмација на истите, се прави размена на активности и искуства. Пр. Организирање и одбележување на Спортски, историски настани, поддршка и активности на КЦК, одбележување на Ден на училиштето, Ден на општината, Хуманитарни организации, стручни активности, посети и сл. |
| 7. | Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење, алкохол и дрога? Како ги проценувате ефектите? | Два до три пати во годината од страна на училиштето, Црвен крст и надворешни стручни лица. Ефектите се добри и се развива свеста на учениците за негативните последици и како правилно да се заштитат од овие зависности. |
| 8. | Што превзема училишето за (1) запознавање и почитување на правата на децата? (2) промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици? За (3) превенција и заштита од насилство?<br>а. Како ги проценувате ефектите од ваквите активности (на пр. намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство) | Се организираат најразлични интерактивни предавања, конкурси литературни и ликовни, изработка на постери, плакати , повикувае стручни лица на одредени теми , работа во паралелки од страна на психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор. Ефектите се подобрена соврсничка комуникација, почитување и разбирање поеѓу учениците. |
| 9. | Што превзема училиштето за да им помогне на учениците од социјално-загрозени смејства? | Разговара со родителите како да им помогне и кои потреби им се најнеопходни, организира хуманитарни |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности, донации и друго. Ги вклучува овие ученици во сите активности на училиштето |
| 10. | Како училиштето обезбедува реализација на наставата за учениците што поради здравствени причоини подолго време отсуствуваат од редовната настава? | Доколку ученикот подолго време отсуствува од настава му се доставуваат материјали за учење дома ако е во можност или да следи онлајн настава ако е во можност и се реализира по неговото враќање во настава постепено прилагодување и надополнување на пропуштеното. |
| 11. | Колку учениците се обраќаат до стручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл? Дали училиштето спроведува активности за социо- емоционално учење? Дајте пример | Учениците имаат храброст и слобода да се обраќаат во стручната служба кога се соочуваат со вакви проблеми. Да, училиштето редовно спроведува активности за социо-емоциоанлно учење и има вкличено во својата Годишна програма, програмаз а психо-социјална поддрѓка на учениците. Пр. Работилници за емоции со ученици од 4 до 9то одделение, работилница Моето одделение низ моите очи, што ме прави среќен, четири решенија за решавање на конфликти и многу други. |
| 12. | Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието? | Преку насочени работилници со учениците во 8 и 9то одделение од програмата за Професионална ориентација на учениците на одделенските часови со одделенските раководители и со стручните соработници. Се води досие за секој ученик. |

**Подрачје 4**:

Од спроведеното интервју со директорот и стручната служба може да се заклучи дека училиштето има воспоставен јасен и функционален систем на управување и соработка. Соработката помеѓу директорот и Училишниот одбор е оценета како добра и континуирана, со редовни состаноци и заедничко донесување одлуки насочени кон унапредување на квалитетот на работата на училиштето.

Процесот на градење политики и развојно планирање се одвива инклузивно, со активно учество на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница. Соработката меѓу чинителите се реализира преку различни

проекти, активности и настани, што придонесува за подобрување на наставниот процес и училишната клима

Ресурсите во училиштето се користат ефективно и максимално, иако постојат одредени предизвици, особено во однос на просторните капацитети. Овие предизвици се надминуваат преку флексибилна организација и комбинирање на наставата со цел непречено одвивање на наставниот процес.

Обезбедувањето на потрошен и наставен материјал најчесто е одговорност на училиштето, при што родителите се минимално вклучени. Со соодветно буџетско планирање, училиштето успешно ги задоволува потребите за реализација на наставата и вонннаставните активности.

И покрај постоењето на дефицит од одредени профили на наставен кадар, училиштето навремено обезбедува соодветен кадар, со што се овозможува континуитет во наставата. Професионалниот развој на вработените се поддржува преку обуки, учество во проекти и други форми на стручно усовршување.

Постојат воспоставени механизми за пофалување и наградување на наставниците кои покажуваат дополнителен ангажман и иновативност, преку правилник за наградување, со годишен избор на најкреативен наставник.

Следењето на квалитетот на наставата се спроведува континуирано од страна на директорот, стручните соработници и советници од БРО, преку најавени посети на часови и давање повратна информација, при што препораките се користат за унапредување на планирањето и реализацијата на наставата.

Информациите поврзани со развојната програма и користењето на буџетот се транспарентно споделуваат со засегнатите страни преку состаноци со наставници, родители и Училишниот одбор.

| ПРАШАЊА И ИСКАЗИ | | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
|---|---|---|
| 1. | Каква е соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор? | Соработката меѓу УО и директор е добра, континуирана. Редовно се одржуваат состаноци на кои се донесуваат одлуки во насока на подобрување на работата на училиштето. |
| 2. | Како се одвива процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето?<br>а. Кој учествува при развојното планирање? (наставници, родители, ученици, | За квалитетно работење на училиштето важни чинители сенаставниците, родителите, учениците и локална заедница.Сите заедно соработуваат преку најразлични проекти, активности, настани и даваат свој придонес за подобар наставен |

| | | |
|---|---|---|
| | локална заедница)<br>Каква е соработката помеѓу различните чинители? | процес. Во развојно планирање учествуваат сите наведени лица. |
| 3. | Колку ефективно, според Вас, се користат ресурсите во училиштето (просторните капацитети, материјалите за работа)?<br>Со какви предизвици се справувате и како ги надминувате? | Максимално се користат сите ресурси, дури понекогаш се недоволни ( пример просторни капацитети) па се комбинира наставата за нејзино непречено изведување. |
| 4. | . Како се одвива процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и вонначтавните активности (на пр. колку родителите се ангажирани за обезбедување, колку училиштето)? Кои се предизвиците и како се надминуваат? | За обезбедување на материјали најголем дел е задолжено и одговорно училиштето, многу малку родителите. Училиштето со добро планирање на буџетот успева да обезбеди материјали за работа на часови и за вонначтавни активности. |
| 5. | Со какви предизвици се справувате за обезбедување соодветен наставен кадар и сручни соработници? | Има дефицит на одредени групи наставњн кадар, но училиштето секогаш успева да обезбеди кадар за да тече наставниот процес. |
| 6. | Како е организиран процесот на професионален развој на кадарот? Како се спроведува кариерното напредување? | Се реализираат разни обуки и учества во проекти и се развива кадарот професионално. |
| 7. | Дали училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? Ако да, кои се механизмите? | Постои правилник за наградување и пофалување на наставници според кој се избира и наградува еднаш годично најкреативен наставник во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Како се одвива процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата?<br>a. Кој следи?<br>b. Честота на следење.<br>c. Процес на давање повратна информација.<br>d. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки. | Наставата ја следи директорот, стручните соработници. Како и советници од БРО. Континуирано во текот на учебната година има посета на час од директор и стручна служба, со најзава и со давање на повратна информација за посетата. Се настојува ако има некои недостатоци да се надминат преку советување и насоки од директор. |
| 9. | На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за:<br>a. Резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма<br>b. Користењето на буџетот на училиштето | Преку состаноци на наставници, родители, УО. Исто и за буџетот на училиштето се даваат информации на состаноците. |

**РЕЗИМЕ (ГЛАВНИ НАОДИ) ОД ФОКУС ГРУПИ**

**Подрачје 3**

**Фокус група со ученици**

Од интервјуто со учениците произлегува дека најголемиот дел од наставните часови се реализираат во традиционална форма, при што наставникот ја предава наставната содржина, а учениците слушаат, запишуваат белешки и ги извршуваат зададените задачи. Учениците наведуваат дека има мал број часови кои се разликуваат од овој модел, но истовремено посочуваат дека по завршување на предавањето, дел од наставниците не секогаш се активно

| | | |
|---|---|---|
| включени во текот на целиот час.<br><br>Во однос на доживувањето на наставата, учениците издвојуваат дека одредени предмети ги сметаат за поинтересни (Англиски јазик, Граѓанско образование, Македонски јазик, Ликовно образование и Физичко образование), додека други предмети ги доживуваат како помалку интересни или здодевни (Хемија, Биологија, Физика и Математика). Наставните материјали кои најчесто се користат се учебници, работни тетратки и збирки, а во одредена мера се користат и дигитални алатки, онлајн игри и курсеви.<br><br>Учениците истакнуваат дека имаат можност да поставуваат прашања и да го искажат своето мислење на часовите. Дисциплината на поголемиот дел од часовите е оценета како добра, особено кај наставниците со построг пристап, но кај одредени предмети дел од времето се троши на смирување на учениците. Оценувањето најчесто се врши преку тестови, домашни задачи и активност на час, при што наставниците даваат насоки за подобрување на постигањата.<br><br>Учениците имаат можност за избор на изборни предмети од понудена листа (како Религии, Информатика, Спорт, Етика и Вештини за живеење), а нивниот избор, според изјавите, бил почитуван во сите учебни години.<br><br>Во однос на воннаставните активности, учениците сметаат дека училиштето нуди добар избор на активности, како што се дебати, секции, училишен весник и учество во меѓународни проекти. Во овие активности можат да се вклучат сите заинтересирани ученици од 6 до 9 одделение, според сопствен избор. Сепак, учениците посочуваат дека имаат ограничена улога во планирањето на воннаставните активности, кои најчесто ги организираат наставниците.<br><br>Во врска со Ученичкиот парламент, учениците наведуваат дека претседателите на паралелките се запознаени со неговата работа и дека парламентот спроведува различни активности поврзани со ученичкиот живот, со кои учениците генерално се задоволни. Учениците можат да влијаат на работата на парламентот преку комуникација и споделување мислења со претседателите на паралелките.<br><br>Учениците истакнуваат дека генерално се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето, но истовремено изразуваат незадоволство во однос на почитувањето на нивните права, кои според нив не се доволно земени предвид од одредени наставници. Дел од учениците сметаат дека правилата и обврските не се доволно почитувани од страна на учениците, а ретко постојат и појави на насилство меѓу учениците. Во такви ситуации, учениците знаат каде да се обратат и најчесто бараат поддршка од класните раководители, наставниците, педагог или психолог. | | |
| ПРАШАЊА | | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
| 1. | Опишете како изгледаат најголем | Најголемиот дел од часовите |

| | | |
|---|---|---|
| | дел од часовите (на пр. Што прави наставникот, што прават учениците?)<br>а. Дали има часови кои се поразлични од ова? Кои? На кој начин се разликуваат?<br><br>б.Како вие ги доживувате најголемиот број на часовите (на пр. Интересни, здодевни, полезни...)<br><br>в. Од какви материјали најчесто учите (на часовите, дома)?<br><br>г. Колку на часовите имате можност да прашувате, да споделувате ваше мислење да дискутирате со наставникот и/или со соучениците?<br><br>д. Каква е дисциплината на најголемиот дел од часовите? Колку учениците го слушаат наставникот, се сослушуваат меѓусебно? Колку време од часовите е посветено на предавање/учење а колку на смирување на учениците?<br><br>ѓ. Како и што најчесто оценуваат наставниците? Колку ги образложуваат оцените и даваат насоки за подобрување на постигањата? Колку сите учениците се третирани еднакво и имаат еднакви можности за постигнување резултати? Наведете примери<br><br>е Дали сте имале можност да изберете предмети кои сакате да ги | започнуваат кога наставничката/от почнува да ја предава лекцијата. Ние учениците слушаме, запишуваме белешки и ја сработуваме задачата која ни е зададена на часот.<br>Некои наставници откако ќе ја предадат лекцијата разговараат со учениците за работи поврзани со наставата, но некои се занимаваат со нешто поврзано со нивниот интерес (работат на компјутер и пополнуваат е дневник)<br>б. Следните часови ги доживуваме како интересни: Англиски, Граѓанско, Македонски, Ликовно, Физичко. Здодевни: Хемија, Биологија, Физика, Математика<br><br>в. Најчесто учиме од учебници, работни тетратки и збирки. Исто така учиме и преку онлајн игри и курсеви,<br><br>г.Можеме да прашуваме на сите часови и да го искажеме нашето мислење.<br><br>д. Дисциплината на најголемиот дел од часовите е добра, Учениците слушаат на часоите каде што има строги наставници. Има некои предмети каде што дел од часот поминува во смирување на учениците.<br><br>ѓ.Наставниците најчесто оценуваат спроед тестовите, домашните задачи и активноста на часот. Даваат насоки за подобрување на оценките.<br><br>е.Да сме имале можност да избереме предмети по наш избор<br>Ни беа понудени два предмета од кои |

| | | |
|---|---|---|
| | учите, од листа на понудени предмети?<br>(ако одговорот е да) Опишете како изгледаше тоа? Што ви беше понудено? Како избиравте? Колку вашиот избор се почитуваше? | можевме да избереме еден. Ние беа понудени предмети како: Религии, Информатика, Спорт, Етика, Вештини на живеење. Нашит избор беше почитуван во сите години. |
| 2. | Колку училиштето нуди воннаставни активности (на пр. Клубови, проекти, акции, работилници, активности со ученици кои учат на друг јазик и сл.) ?<br>а.Какви активности се нудат вообичаено?<br>б.Колку и кои ученици најчесто се вклучени во нив? Дали учениците с еизбирани од наставниците или имаат можност да се вклучат според сопствен избор?<br>в.Колу имате можност да се вклучите во планирање на овие активности? | Училиштето нуди добар избор на воннаставни активности.<br>а.Работилници во кои можеме да учествуваме се: дебатата по Граѓанско, секција по Хемија, еразмус проекти. Секција за училишен весник организирана од наставничката по Македонски јазик и други...<br>б. Сите ученици од 5то до 9то одделение можат да се пријават учествуваат во тие работилници.<br>в. Најчесто наставниците ги планираат овие активности а ние само учествуваме во нив. |
| 3. | Колку сте запознаени со работата на Ученичкиот парламент во училиштето?<br>а. Какви активности спроведува парламентот? Како сте задоволни со активностите?<br>б.На кој начин учениците можат да влијаат на работата, преку претседателите на паралелки? | Претседателот во секое одделение е запознаен со работата на Ученичкиот парламент.<br>а. Најразлични активности што се поврзани со учениците и со училиштето. Задоволни сме со активностите кои се спроведуаат на параламентот.<br>б. Учениците можат да влијаат на работата преку разговори и споредлување на нивното мислење со претседателот. |
| 4. | Генерално колку во училиште се | Секој од нас учениците се чувствува |

| | | |
|---|---|---|
| | чувствувате сигурно и безбедно?<br>а. Колку се почитуваат вашите права како деца/ученици?<br><br>б. Колку учениците ги почитуваат своите обврски? Колку ги почитуваат правилата воспоставени во училиштето? (дали учениците се вклучени во поставување на правилата)?<br><br>в.Дали има насилство (физичко, психолошко, сајбер) помеѓу учениците, или од страна на наставниците Како се решаваат случаите на насилство?<br>г.Имате ли каде да се обратите доколку имате проблем, се чувствувате лути, тажни, исплашени или сл.? Како вообичаено постапувате во вакви случаи? | сигурно и безбедно во училиште.<br>а. Нашите права како деца/ученици во голема мера се почитуваат во училиштето, ретко не се почитуваат од одредени наставници.<br><br>б. Некои ученици не ги почитуваат своите обврски и не ги почитуваат воспоставените правила, но најголемиот дел од учениците ги почитуваат.<br><br>в. Ретко има насилство помеѓу учениците во училиштето.<br><br>г. Можеме да се обратиме кај класните раководители, кај некои наставници, педагог или психолог ако се чувствуваме повреди, лути, тажни или пак исплашени. |
| 5. | Дали сакате да додадете уште нешто за што не разговаравме, а сметате дека е важно? | / |

**Подрачје 3:**
**Фокус група со родители**

Од интервјуто произлегува дека родителите се редовно информирани од своите деца за наставата и училишните активности, особено за содржините што се обработуваат на часовите, начинот на проверка на знаењата и вонкласните активности. Детето е генерално задоволно од училиштето, со позитивна споредба во однос на други училишта, и покажува желба за редовно посетување на наставата. Родителот истакнува дека најголем дел од наставниот материјал детето го совладува уште за време на часовите, што укажува на добар ангажман и јасно презентирање на содржините од страна на наставниците.

| |
|---|
| Во однос на прилагодувањето на наставата на потребите и можностите на учениците, родителот смета дека тоа е недоволно, главно поради обемни и сложени наставни содржини во учебниците, кои не се секогаш соодветни за возраста на учениците. Забележани се разлики во пристапите на наставниците, а кај детето постои потреба од дополнителна помош по одредени предмети. Иако постои можност за дополнителна настава во училиштето, родителот смета дека таа не е доволно искористена и организирана.<br><br>Родителот е задоволен од навременоста и начинот на информирање за постигањата и редовноста на детето, преку е-дневник, директна комуникација со наставниците, вибер и телефонски контакти. Совети за подобрување на успехот најчесто се добиваат на родителски средби или индивидуални разговори со наставниците.<br><br>Во однос на изборните предмети, детето имало можност да избира од понудена листа преку анкетни листови, при што изборот бил целосно почитуван. Детето е активно вклучено во воннаставните активности на ниво на паралелка, проектни задачи и спортски активности, според сопствен интерес и понуда од училиштето.<br><br>Според родителот, детето најчесто учи на час и од учебници и тетратки, а дополнителни извори и електронски медиуми користи кога наставникот ќе укаже на потреба од проширување на знаењата. Родителската вклученост во активностите на училиштето е оценета како ограничена, со мал број можности за активно учество.<br><br>Грижата за општата добросостојба на учениците е оценета како задоволителна. Детето има можност да се обрати кај соодветни лица во училиштето кога има проблем, а појавите на насилство се ретки и училиштето соодветно постапува во такви ситуации.<br><br>Во однос на информирањето и транспарентноста, родителот е задоволен од работата на Советот на родители, кој редовно и транспарентно ги споделува информациите, програмите и извештаите за работа. Работата на Училишниот одбор е оценета како активна во решавање на приговори и жалби, но информирањето кон родителите е делумно и најчесто по поднесено барање. |

| | ПРАШАЊА | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
|---|---|---|
| 1. | Какви информации вообичаено добиате од вашето дете за наставата и другите активности во училиштето? Колку детето е задоволно со училиштето? Колку сака да оди на училиште? | Со оглед дека станува збор за тинејџерска возраст кога децата потешко комуницраат, сепак како родител имам секојдневно основни информации за наставата како - се предава нов материјал на часот, која тема, кога се испрашува и на кој |

| | | |
|---|---|---|
| | | начин. Со посебно задоволство се раскажува  за воншколски активноти, како и активности кои вклучуваат меѓусебна дружба на децата.<br>Второ, можам да потврдам дека детето е задволно од училиштете, генерално гледано. Ќе наведам еден пример- кога разговара со свои врсници од другите училишта , прави разлика во позитива за своето училише и наставниците во однс на другите училишта.<br>Детето сака да оди на училиште, меѓусебната комуниација во одделението е ОК, исто и со наставниците. Сакам да истакнам дека повеќето од новиот материјал што го предаваат наставниците го совладува за време на предавањата, што ми покажува дека наставницте се трудат за добро да се презентира новата материја. |
| 2. | Од информациите кои ги имате, колку сметате дека наставниците успешно ја прилагодуваат наставата (материјалот) на потребите и можностите на вашето дете?<br>а.Дали можете да дадете примери? (во случај на родители на ученици од предметна настава)<br><br>Колку забележувате разлика во приодите на различните наставници?<br>б.Колку на вашето дете му е потребна дополнителна помош (по завршување на наставата) за учење и постигнување на | Недоволно, лекциите, материјалот во учебниците сметам дека не е прилагоден за возраста на учениците.<br><br>а. Лекции со многу податоци, нафрлени зборови без објаснување затоа сметам дека планот што го диктираат наставниците е недоволен за да се совлада материјалот и да побуди интерес за поголемо учење кај учениците.<br><br>Разлики постојат.<br><br>б. Конкретно кај моето дете потребна му е дополнителна помош по 2 предмета. |

| | | |
|---|---|---|
| | очекуваните резултати?<br>в.Доколку има потреба од дополнителна настава за подобрување на постигањата/успехот, колку училиштето ја обезбедува истата? | в. Мислам дека постои таква можност но недоволно се користи односно се организира од страна на наставниците. |
| 3. | Колку сте задоволни од информациите кои ги добивате од страна на училиштето за вашето дете?<br>а. На кои начини ве информираат за постигањата на вашето дете?<br>б. Колку добивате совети за начините на подобрување на успехот? (доколку има потреба)<br>в. На кои начини ве информираат за редовноста на вешето дете? Колку добивате совети за начините на подобрување на редовноста (доколку има потреба) | Училиштето/наставникот навремено не информира за работи поврзани со нашето дете.<br>а. За постигнувањето на нашето дете се информираме навремено од е-дневник, или директно од предметниот наставник<br>б. Најчесто се споделуваат на родителски или при инфивидуална средба со наставникот.<br>в. Преку вибер комуникација или телефонски разговор. |
| 4. | Дали вашето дете има можност да избере предмети кои сака да ги учи, од листа на понудени изборни предмети? Ако одговорот е да. Опишете како изгледање тоа? Што беше понудено? Како се избираше? Колку изборот на вашето дете се почитуваше? | Да преку анкетни листови и се почитуваше изборот. |
| 5 | Дали вашето дете е вклучено во воннаставни активности во училиштето? (на пр. Клубови, проекти, акции, работилници, активности со ученици кои учат на друг јазик и сл. )<br>а. Какви активности се нудат вообичаено? Како е избрано да | Моето дете е вклучено во сите воннаставни активности кои се рализираат на ниво на паралелка и зема активно учество во секоја од нив, а вклучен  е и во проектни задачи. Дополнително ги користи и спортските активности (кошарка во училиштето)<br>а. Избрано е по сопствен интерес и |

| | | |
|---|---|---|
| | учествува (според сопствен итерес или назначено од наставници/училиштето) | понуда од училиштето |
| 6. | Од какви наставни материјали најчесто учи вашето дете (на пр. Учебници, тетратка, дополнителна литература, интеренет, видеа, списанија, енциклопедии)? Колку разлики има помеѓу различните предмети? | Според однесувањето на детето и нашите семејни разговори, тоа најмногу учи на час и од учебник и тетратка. Дополнителна литература користи доколку наставникот упат на потребата нешто пошироко да се истражи и во тој случај најчесто се користи со електронски медиум. |
| 7. | Колку училиштето ве вклучува/ве поттикнува да се вклучите во активностите кои ги спроведува? (доколку одговорот е да) Во какви активности сте биле вклучени и кои биле ефектите?Наведете примери | Многу малку сме биле вклучени во активностите кои ги спроведува училиштето. |
| 8. | Колкју сте задоволни од грижата за општата добросостојба на вашето дете во училиштето?<br>а.Има ли можност да се обрати некому кога има проблем?<br>б.Колу често се случуваат различни видови насилство во училиштето, и како училиштето се справува со истите? | Задоволува,<br>б. Ретко се случуваат, а училиштето достојно се справува |
| 9. | Колку добивате информации за работата на училиштето од страна на:<br>а.Советот на родите (вид на информации кои се споделуваат, задоволство од транспарентноста)<br>б.Училишниот одбор на училиштето (вид на информации кои се споделуваат, задоволство од транспарентноста) | Советот на родители транспарентно ги споделува информациите до сите родители во одделението. По одржан состанок на Советот на родители се споделува програма за работа и извештај за работа на училиштето. Се дискутира за прашањата и проблемите на родителите и се дава повратна информација кон родителите.<br>б.Училишниот одбор активно се вклучува во приговори и решавање на тековни приговори и жалби на родители и ученици. Во врска со тековното информирање училишниот одбор споделува делумни и |

| | | |
|---|---|---|
| | | определени информации до родителите во училиштето. Родителите се запознаени со годишната програма за работа и извештај за работа на училиштето. Останатите информации не се споделуваат циркуларно, единствено доколку се поднесе барање до училишниот одбор. |
| 10. | Дали сакате да додадете уште нешто за што не разговаравме, а сметате дека е важно? | / |

**<u>Подрачје 3:</u>**
**<u>Фокус група со наставници</u>**

Од интервјуто произлегува дека наставниците во изминатите две години имале ограничени можности за учество на стручни обуки, најчесто една до две, обезбедени преку каталогот на Бирото за развој на образованието. Обуките главно се избираат според личен интерес на наставниците. Споделувањето на стекнатите знаења се одвива претежно неформално, преку разговори и активности во рамки на стручните активи, додека организирани дисеминации се ретки.

Процесот на планирање на наставата се разликува според видот на наставата. Во одделенска настава планирањето најчесто се реализира тимски, во рамки на стручните активи, со редовна размена на искуства и материјали. Во предметна настава, планирањето најчесто е индивидуално, а соработката и размената се остваруваат според потреба. Изготвувањето на ИОП се спроведува во соработка со образовен асистент, дефектолог и родители, при што најголемите предизвици се јавуваат кај предметната настава, особено при поедноставување на апстрактни поими. Овие предизвици се надминуваат преку визуелизации и нагледни средства.

Во случаи на отсуство на наставен кадар, училиштето применува различни решенија. Во одделенска настава замените најчесто ги обезбедува постоечкиот кадар или стручната служба, додека во предметна настава, при подолги отсуства, се обезбедува замена или се изготвува нов распоред.

Изборните и слободните изборни предмети, како и слободните активности, се определуваат врз основа на интересите на учениците (преку анкети), постоечкиот наставен кадар и просторните услови. Процедурата за избор им овозможува на учениците да го искажат својот интерес, а училиштето се стреми да ги реализира предметите и активностите со најголем интерес.

Типичниот час се одвива во работна атмосфера со јасно истакнати цели, објаснување на нови поими и активности кои ги вклучуваат учениците индивидуално или групно. Учениците со различни образовни потреби работат

на диференцирани задачи, согласно своите можности, со поддршка од наставникот и образовниот асистент, а учениците со попреченост работат според ИОП.

Оценувањето е континуирано, со секојдневно прибирање информации за напредокот на учениците, користење на разновидни методи и инструменти и однапред утврдени критериуми. Родителите се информираат преку електронскиот дневник, родителски средби и индивидуални разговори, а повратната информација кон учениците е насочена кон подобрување на постигањата. Постигнувањата директно влијаат врз понатамошното планирање на наставата.

Во училиштето се реализираат разновидни воннаставни активности, во кои се вклучени сите наставници и ученици, согласно нивните интереси и афинитети. Учениците учествуваат на акредитирани натпревари, а изборот на учесници се врши преку училишни натпревари. Учениците се делумно вклучени во планирањето на воннаставните активности преку непосредни разговори со наставниците.

Идентификацијата на учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици се врши од страна на наставниците преку наставниот процес, додека учениците со попреченост се идентификуваат преку соодветните служби и механизми. Дополнителната и додатната настава е организирана преку посебен распоред и е наменета за ученици со послаби постигања, подолги оправдани отсуства, како и за надарени ученици и ученици кои се подготвуваат за натпревари.

Генералната училишна клима е оценета како незадоволителна, при што се забележуваат разлики во нивото на соработка. Во одделенска настава соработката е на високо ниво, додека во предметна настава е помалку изразена. Постојат случаи на недолично однесување и нарушени односи помеѓу различни чинители, кои најчесто се решаваат меѓусебно.

Училиштето реализира активности за запознавање и почитување на правата на децата, промовирање на еднаков и правичен третман и превенција од насилство преку работилници, манифестации, проекти и соработка со невладини организации. Според наставниците, овие активности имаат значаен и позитивен ефект.

Соработката со родителите и локалната заедница е оценета како добра, со вклучување во еколошки, хуманитарни, културни и едукативни активности. Наставниците се информирани за развојните цели на училиштето преку годишната програма за работа.

Како значаен предизвик се издвојува постојаната потреба од потрошен материјал, поради што освен училиштето во негово обезбедување често се вклучени и родителите и наставниците. Ангажманот и дополнителниот труд на наставниците се оценети како доволно вреднувани, но најчесто преку симболични признанија. Следењето на квалитетот на наставата го

| | | |
|---|---|---|
| спроведуваат директорот и стручната служба, со повратна информација и усогласување на наставата со дадените препораки. Процедурите за кариерно напредување се спроведуваат согласно законската регулатива и се оценети како фер. | | |
| | ПРАШАЊА | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ |
| 1. | Колку можности сте имале во изминатите две години да учествувате на стурчни обуки, одбезбедени/организирани од училиштето?<br>а.Кои теми ги покриваа обуките кои ги посетувавте?<br>б.Колку стекнатите сознанија/компетенции од обуките се споделуваат со другите колеги (преку дисеминација, менторства, неформално и сл.)<br>в. Според кои критериуми училиштето ги определува учесниците на обуки (на пр. Личен интерес на наставниците, план за професинален развој наниво на училиштето или други критериуми)? | Наставниците имале можност да постат една до две обуки обезбедени од училиштето преку каталогот на обуки кој го нуди БРО, 4<br>б.Генерално споделувањето на сознанијата се врши неформално преку разговори или пак во рамки на активите, ретко се вршат организирани дисеминации.<br>в.Генерално критериумите за учество на обуките се според личниот интерес на наставниците. |
| 2. | Како вообичаено се одвива процесот на планирање на наставата во училиштето?<br>а.Опишете дали претешно планирате индивидуално или со консултации во рамките на стручните активи<br>б.Колку често се среќавате со колегите за размена на искуства, материјали и сл. | а.Наставниците од одделенска настава планираат во рамките на стручните активи, додека во предметна настава наставниците планираат индивидуално.<br>б. Во одделенска настава размената на искуства и материјали е на дневна основа, додека во предметна настава е според потреба.<br>в.Изготвувањето на ИОП е во |

| | | |
|---|---|---|
| | в. Доколку имате искуство со правење на ИОП, објаснете како се одвива тој процес? На кои предизвици наидувате и како ги надминувате? | консултација со образовниот асистент, дефектологот и родителот. Предизвиците се индивидуални и зависат од капацитетите на ученикот, најмногу предизвици имаат наставниците од предметна настава во определувањето на стандардите од поапстрактните поими, надминувањето оди преку визуелизации и изготвување на нагледни средства кои имаат за цел да го помогнат процесот на совладување на материјалот. |
| 3. | Како се справува училиштето во случаи на отсуство на наставниот кадар? | Отсуствата на наставниот кадар се решаваат на различни начини. Во одделенска настава најчесто замените се обезбедуваат од постоечкиот наставен кадар или пак замените ги вршат психологот и педагогот. Додека во предметна настава во случај на подолги боледувања се обезбедува наставник доколку има или со изготвување на нов распоред за секој наставен ден. |
| 4. | Кои (1) изборни предмети, (2) слободни изборни предмети и (3) слободни активности ги нуди училиштето?<br>а.На кој начин се определени конкретните предмети/активности?<br><br>б. Опишете како процедурата за избор овозможува да се задоволат интересите на учениците? | Изборните предмети и слободните изборни предмети се определуваат според интересите на учениците (анкета), постоечкиот наставен кадар и просторните услови на училиштето.<br><br>б. Преку анкетата учениците имаат можност да го искажат својот интерес, а училиштето се труди да ги задоволи интересите за предметите за кои има најмногу интерес. |
| 5. | Опишете еден ваш типичен час.<br>а.Што правите вие? Што прават учениците? | Воспоставувам работна атмосфера, ги истакнувам целите на часот, ги објаснувам новите поими, им задавам активности за работа во кои ги вклучувам новите поими. Учениците индивидуално или во групи работат на зададените активности и задачи |

| | | |
|---|---|---|
| | б.Како работат учениците со различни образовни потреби?<br><br>в. Доколку имате ученици со попреченост, што прават тие на часовите? Каква е соработката со образовните асистенти? | Б. Учениците со различни образовни потреби работат на задачи според своите можности со поддршка на наставникот.<br><br>в. Учениците со попреченост работат на задачи определени со ИОП според нивните можности и со поддршка од образовните асистенти. |
| 6. | Опишете еден ваш особено успешен час и објаснете зошто сметате дека бил успешен | Успешен час е оној во кој има добра интеракција и активно учество на учениците, како и критичко мислење од нивна страна. Часот е успешен кога се постигнати поставените цели па дури и повеќе од тоа. |
| 7. | Како вообичаено го планирате и спроведувате оценувањето на учениците?<br>а.Честотата<br>б.Методи и инструменти<br><br>в.Критериуми<br><br>г.Информирање на родители<br><br>д. Давање повратна информација за подобрување на постигањата | а.Секојдневно за време на сите часови се прибираат белешки за постигнувањата на учениците.<br>б.Разновниди во зависност од поставените задачи (чек листи, писмени белешки од наставник, холистички листи, есејски прашања, портфолиа на ученици и сл.)<br><br>в. Поставени на почетокот на годината согласно целите на наставната програма во кои се вклучени различни методи и инструменти за проверка на постигнувањата.<br><br>г. Преку електронски дневник, родителски средби и индивидуални разговори со поедини разговори<br><br>д. Преку давање на коментари и насоки за подобрување или потврдување успешноста на одговорите на учениците од страна на |

| | | |
|---|---|---|
| | ѓ. Влијание на постигањата врз планирање на понатамошна настава | наставниците.<br><br>Ѓ. Во зависност од постигнувањата на учениците се планира подигнување на на целите или планирање на наставата во насока на постигнување на учениците согласно нивните капацитети. |
| 8. | Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето?<br><br>а. Колку од воспитно – образовниот кадар се вклични во ВА?<br><br>б. Колку од учениците се вклучени?<br><br>в. Колку учениците се вклучени во планирањето на ВА? Наведете пример<br><br>г. Колку учениците од вашето училиште учествуваат во натпревари? Како вообичаено се определуваат учениците кои ќе учествуваат во натпревари? | Во училиштето се спроведуваат различни воннаставни активности зависно од различните предмети пр. Учество во литературни и поетски читања, подготвување на драмски претстави, посети на кино, театар, останати културни манифестации, саеми, научни институции и компании, секции (математичка, јазична, биолошка, хемиска и сл. Спортски натпревари и сл.)<br><br>а. Сите наставници реализирааат воннаставни активности во зависност од предметот кој го предаваат<br><br>б. Сите ученици се вклучени во воннаставни активности во зависност од нивните афинитетии и интереси<br><br>в.Наставниците делумно ги вклучуваат учениците во планирањето на воннаставните активности преку непосредни разговори.<br><br>г. Учениците од нашето училиште учествуваат на сите акредитирани натпревари според пропозициите на организаторите. Определувањето на учениците е преку училишни натпревари . |
| 9. | На кој начин се идентификуваат учениците со различни обазовни потреби во потреби во училиштето (учениците со  тешкотии во | Учениците со потепшкотии како и надарените ученици се идентификуваат од страна на наствниците за време на наставата и |

| | | |
|---|---|---|
| | учењето, надарените ученици, учениците со попреченост). Како ја прилагодувате наставата на секоја од овие групи? Како е организирана дополнителната и додатната настава во училиштето? | за нив се подготвуваат задачи и активности според нивните можности преку поставување на диференцирани цели. Додека учениците со попреченост се идентификуваат од страна на службата и механизмот на МКФ. Дополнителната  и додатната настава се организира преку изработка на распоред за нејзина реализација во кој секој наставник определува термин за реализација. На дополнителна настава доѓаат ученици кои имаат послаби постигнувања или биле подолго отсутни од оправдани причини или на барање на учениците. Додека, додатна настава најчесто се организира за подготовка на учениците за натпревари како и за оние кои имаат потенцијал за повеќе знаење од предвидениот материјал согласно наставаната програма. |
| 10. | Како ја проценувате генералната клима во училиштето<br><br>а.Колку различните чинители во училиштето меѓусебно соработуваат?<br><br>Може ли да наведете пример на добра соработка?<br><br>б.Постојат ли случаи на закани, провокации, навредо (помеѓу воспитно-образовниот кадар, учениците, раководството)?<br><br>Како се постапува по истите? | Генерално училишната клима не е на високо ниво<br><br>а.Соработката во одделенска настава во рамки на активите е на високо ниво, додека во предметна настава таа изостанува можеби поради различноста во природата на наставните предмети.<br><br>Во одделенска настава постои добра соработка во планирањето на наставата како на годишно така и на неделно и дневно ниво. Во предметна настава добра соработка е меѓупредметната соработка меѓу различните предмети.<br><br>б.За жал постои помеѓу сите чинители. Меѓусебно решаваат |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Што превзема училиштето за (1) (1) запознавање и почитување на правата на децата? За (2) промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици? За (3) превенција и заштита од насилство?<br><br>а.Како ги проценувате ефектите од ваквите активности (на пр. Намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на настилство) | Запознавање на децата преку организирање на манифестации, детска недела, работилници на одделенски час, литературни конкурси, соработка со невладини организации, учество во проекти, работилници за превенција од насилство кои ги реализира училишниот психолог.<br><br>а. Наша проценка е дека активностите имаат значаен и позитивен ефект. |
| 12. | Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите?<br>а.Наведете примери на активности и резултати од истите<br>б.Примери на поддржани иницијативи на родителите | Преку взаемна соработка со организирање на различни активности во зависност од интересите на учениците и потребите на училиштето.<br>а.Еко активности во училишниот двор. Работилници за промовирање на професиите<br>б. Подобрување на услови во училници. |
| 13. | Како училиштето соработува со заедницата?<br><br>а.Наведете примери на активности и резултати од истите. | Училиштето има одлична соработка со заедницата. Учествува во сите активности од областа на образованието кои ги реализира општината.<br>а. Учество на литературни конкурси, ликовни колонии, забавни манифестации, еколошки акции, хуманитарни акции, креативни работилници и сл. |
| 14. | Колку, како наставници сте вклучени во планирање на | Вклучени сме. |

| | | |
|---|---|---|
| | развојните цели и понатамошните активности на училиштето?<br>Доколку не сте биле вклучени во комисијата за изготвување развојна програма, на кој начин сте добиле информации за стратешките цели на училиштето и активностите за нивно постигнување? | Преку Годишната програма за работа на училиштето. |
| 15. | Како се одвива процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности (на пр. Колку родителите се ангажирани за обезбедување, колку училиштето?<br>Кои се предизвиците и како се надминуваат? | Училиштето обезбедува доволно потрошен материјал кој е доволен за потребите на наставата и вонаставните активности. Понекогаш во обезбедување на материјалите за работа се вклучени и наставниците и родителите.<br>Континуирано се обезбедуваат финансиски средства за потрошен материјал, ретко се случува да има потреба родителите да обезбедат материјали. |
| 16. | Колку училиштето го цени ангажманот на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? | Училиштето го цени доволно ангажманот на наставниците за дополнителни активности. Ангажманот се цени преку врачување на благодарница. |
| 17. | Како се одвива процесот на следење на кавалитетот на реализација на наставата?<br>а.Кој следи<br>б.Честото на следење<br>в.Процес на давање на повратна информација<br>г.Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки | а.Директорот и педагошко психолошката служба<br>б.Два пати годишно и по потреба<br>в.Веднаш по посетата<br>г. Се прави усогласување според конструктивните забелешки |
| 18. | Дали мислите дека во училиштето | Училиштето ја почитува процедурата |

| | | |
|---|---|---|
| | процедурите за кариерно напредување се применуваат правично/фер? Објаснете | согласно законската регулатива преку спроведување на анкети меѓу наставниот кадар, изработка на професионални портфолиа. |
| 19. | Дали имате да додадете некои дополнителни информации кои не беа вклучени во прашањата? | / |
| Наоди од набљудување часови | | |
| Наоди од други видови набљудувања | | |

**Комисија за спроведување на СЕУ:**

1. **Александра Димитиревска – директор____________________**
2. **Елена Геговска Стоилковски – психолог ___________________**
3. **Росица Тодоровска – предметен наставник ________________**
4. **Благица Тодевска – одделенски наставник ________________**
5. **Сања Симоновска – родител ____________________________**